РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
БЛАЖЕ КОНЕСКИ
Општина Аеродром
Бр. 01-291/9
10.08 2022 год.
СКОПЈЕ



# САМОЕВАЛУАЦИЈА
## за период 2020 – 2022 година

ООУ „Блаже Конески“, Аеродром, Скопје

**Август 2022 година**

# С О Д Р Ж И Н А

**Училишна комисија за самоевалуација** ..... 3
**Подрачје 1: Наставни планови и програми** ..... 4
**Подрачје 2: Постигнувања на учениците** ..... 12
**Подрачје 3: Учење и настава** ..... 22
**Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците** ..... 34
**Подрачје 5: Училишна клима** ..... 45
**Подрачје 6: Ресурси** ..... 52
**Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата** ..... 62
**Извештај од спроведена самоевалуација** ..... 71

# УЧИЛИШНА КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Фоника Станоева,педагог

Александра А. Белчовска, психолог

Искра Стојановска, предметен наставник

Јоана Николиќ, одделенски наставник

Александра Ѓ. Спасовски, родител

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 1: Наставните планови и програми**

**Индикатори за квалитет и теми:**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**
- Применувани наставни планови и програми
- Прилагодување на наставните програми на деца со посебни образовни потреби
- Избор на наставни предмети
- Реализација на проширените програми

**1.2 Квалитетот на наставните планови и програми**
- Родова и етничка рамноправост и мултикултурна сензитивност на наставните програми и учебните помагала
- Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
- Интегрирање на оштите (меѓупредметните) цели во образованието
- Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови и програми

**1.3 Вонаставни активности**
- Обен и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности
- Опфатеност на учениците со вонаставните активности
- Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на вонаставните активности

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 1: Наставните планови и програми**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| • Наставни планови и програми | **1.1** Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски |

| | |
|---|---|
| донесени од МОН,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Тематски планирања на наставниците,<br>• Прилагодени наставни програми за децата со ПОП,<br>• Педагшка евиденција и документација,<br>• Записници од иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми,<br>• Разработени насоки (предавања, обуки, работилници) за вградување на меѓупредметните цели,<br>• Записници од стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор<br>• Програми за дополнителна, додатна настава и други вонаставни активности (секции, екскурзии, приредби)<br>• Брошура, флаери и интернет страницата на училиштето, | документи од Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за додатна,дополнителна и слободните ученички активности. Истите во август ги предаваат во стручната служба на училиштето.<br>Пред почетокот на секоја учебна година, училиштето изработува Годишна програма во која ги планира севкупните активности за реализација на наставните планови и програми<br>како и за реализација на вон-наставните активности. Годишната програма се разгледува од страна на наставничкиот совет, а училишниот одбор ја предлага за усвојување на Советот на Општината најдоцна до 15 август. Процедурата за донесување на Годишна програма е целосно запазена.<br>Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето.<br>Наставниците во своите тематски планирања интегрираат и часови по информациско-комуникациска технологија , Еко – содржини,антикорупција, МИО.<br>Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби и на состаноците на советот на родителите, додека пак учениците се запознаваат со наставните планови и програми на првите часови на почетокот од учебната година. Наставниот кадар се соочува со проблем при приспособување на наставните програми по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби, поради недстаток од асистивна технологија која ќе се настојува да се обезбеди во наредниот период.<br>Со учениците кои поспоро и потешко напредуваат секој наставник прилагодува дел од наставната програма за определен час кога има потреба и работи индивидуално со тој ученик/ци. Истото се прави и при планирањето на дадениот час. Педагогот дава стручна помош со совети и консултации со наставниците за начинот на работа со овие ученици, а психологот и дефектологот повремено работат со овие ученици и ги следат. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето на учениците им нуди три изборни предмети, според наставниот план. Постапката за избор на наставни предмети се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците. Во месец мај се спроведуваат анкети со родителите и учениците, каде тие се изјаснуваат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат.<br>Во училиштето се реализира настава со продолжен престој проширена (за ученици од прво до третто одделение), почитувајќи ги можностите и потребите на учениците. Проширена програма се реализира со учениците од прво до трето одделение, а опфаќа прифаќање на учениците, дружење, дополнителни информации за домашни задачи и подготовки за одење дома и средби со родители. |
| | **1.2** Во училиштето досега делумно се прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.<br>Училиштето има изработено стратегија за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина и наставниците во своите предмети ја користат оваа стратегија при планирањето на наставните содржини.<br>Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат. На овој начин наставниците си разменуваат искуства, си споделуваат информации и си помагаат при планирањето на наставниот процес.<br>Наставниците делумно имаат влијание врз подготвувањето на наставните програми и планови изготвени од МОН и БРО со тоа што тие даваат писмени сугестии и предлози за нивно изменување. Родителите немаат влијание врз подготвувањето на наставните програми и планови. |
| | **1.3** Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. Подрачјето *на воннаставните активност* во нашето училиште опфатени се: *слободните ученички активности, екскурзиите, општествено корисната работа, ученички парламент, ученичките натпревари, вон-наставни активности*. Со Годишната програма за работа на училиштето се планираат колку и какви ученички екскурзии ќе се изведуваат, во согласнот со правилникот за реализација на ученичките екскурзии и со добиено одобрение од БРО и |

| | |
|---|---|
| | општината. Одложувањето (неодржувањето) на екскурзиите е со одлука на Наставнички совет, како и изведувањето на дополнителни, непланирани екскурзии. Пред секое изведување на екскурзија родителите се прашуваат и известуваат за истата преку родителска средба или преку Советот на родители.<br>Општествено корисна работа на учениците е насочена кон реализирање на планирани активности со програмата на училиштето, како и учество во активности во соработка со локалната средина. Најчесто се состојат во уредување на просторот во училиштето и училишниот двор, спроведување на разни еколошки акции, но и со учество во други, надворешно организирани активности („Ден на екологијата“, „Ден на пролетта“ и слично).<br>**Ученичкиот парламент** како највисока форма на организирање на учениците од VI - IX одделение. Активностите ги реализира според однапред изготвена програма за работа и тоа на ниво на паралелка, координирана од одделенските раководители и на ниво на училиште, координирана од стручната служба и Дирктор.<br>Најголемиот број ученици се опфатени и вклучени барем во една вонаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој. Училиштето обезбедува услови за вклучување на учениците од семејства со низок социо-економски статус во вонаставните активности. Учениците се вклучуваат во вонаставните активности според сопствен избор и желба. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 1: Наставните планови и програми**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **Анкетен прашалник за** | **Тим на СЕУ** | Испитани се вкупно **22 наставника** (21 женско и 1 машко)<br>1. На прашањето *Дали вие како наставници досега има прибирано и разгледувано мислења за* |

| | | |
|---|---|---|
| **наставници** | ➢ Искра Стојановска<br>➢ Софија Димитровска<br>➢ Маја Захариева<br>➢ Марија Костовска<br>➢ Снежана Цветановска | *наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност?* **64%** одговориле Да, **9%**одговориле Не и **27%** одговориле Делумно<br>2. На прашањето *Дали во наставните програми интегрирате часови кои ги опфаќаат карактеристиките и потребите на локалната средина?* **27%** одговориле Да, **18%** одговориле Не и **55%** одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Имате ли влијание врз подготвувањето наставните планови и програми?* **18%** одговориле Да, **41%** одговориле Не и **41%** одговориле Делумно<br>4. На прашањето *Дали подготвувате индивидуални планирања во текот на наставниот процес?* **77,2%** одговориле Да, **13,8 %** одговориле Не и **9%** одговориле Делумно |
| **Анкетен прашалник за ученици** | | Испитани се вкупно **60 ученици** (30 женски и 30 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали при крајот на учебната година во училиштето се спроведуваат наставни анкети за да се изјасните, затоа кој изборен предмет ќе го изучувате следната учеб. година?* **90%** одговориле Да, **0%** одговориле Не и **10%** одговориле Делумно<br>2. На прашањето *Дали наставникот планира и реализира воннаставни активности?* **42%** одговориле Да, **15%** одговориле Не и **43%** одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Дали наставникот ви помага, ве насочува и мотивира во реализација на воннаставни активности?* **43%** одговориле Да, **15%** одговориле Не и **42%** одговориле Делумно<br>4. На прашањето *Дали активно и со задоволство учествуваш во реализација на воннаставните активности?* **50%** одговориле Да, 8% одговориле Не и **42%** одговориле Делумно |
| **Анкетен прашалник за родители** | | Испитани се вкупно **45 родители** (25 женски и 20 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали на вашето дете од страна на училиштето му е доставен анкетен лист во кој ќе се одлучи за тоа кој изборен предмет ќе го изучува следната учебна година?* **58%** одговориле Да, **29%** одговориле Не и **6%** одговориле Делумно |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. На прашањето *Дали во училиштето се реализира посебна проширена програма за вашите деца (се однесува на учениците од прво до трето одделение)?* **53%** одговориле Да, **31%** одговориле Не и **16%** одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Имаат ли вие како родители влијание врз подготвувањето на наставните планови и програми?* **7%** одговориле Да, **60%** одговориле Не и **24%** одговориле Делумно<br>4. На прашањето *Дали сте информирани за наставните планови и програми во училиштето?* **71%** одговориле Да, **7%** одговориле Не и **22%** одговориле Делумно<br>5. На прашањето *Наведете еден начин на кој наставниците ве информираат за наставните планови и програми.* **100%** од родителите се изјасниле дека се информираат преку родителски средби. |
| **Интервју со стручна служба** | | **Од интервјуто со стручната служба ги добивме следниве информации:**<br><br>• Наставниците влијаат врз изработувањето на наставните програми и планови со давање на писмени сугестии и предлози за нивно изменување до МОН и БРО<br>• Имаат постојан увид во годишните, тематските и дневните планирања на наставниците<br>• Им помагаат на наставниците при планирањето на наставниот процес со тоа што им даваат стручни консултации и напатствија за работа<br>• Посетуваат часови на наставниците еднаш во текот на едно полугодие |
| **Интервју со претседатели на активи** | | **Од интервјуто со претседателите на стручните активи ги добивме следниве информации**:<br><br>• Наставниците ги интегрираат општите меѓупредметни цели во наставата<br>• Интегрирањето на целите влијае позитивно, бидејќи на тој начин учениците подобро ги уввојуваат и ги надополнуваат своите знаења<br>• Наставниците си разменуваат искуства за време на состаноците на стручните активи и со посетата на часовите. Си споделуваат совети за изработката на наставните програми, за дневните, месечните и седмичните планирања. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со наставници** | | **Од интервјуто со наставниците ги добивме следниве информации**:<br><br>• Наставниците ги применуваат наставните планови и програми во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. Наставниците ги реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука. Врз основа на наставните планови и програми, наставниците пред почетокот на секоја учебна година изработуваат годишни и тематски планирања по сите наставни предмети (задолжителни и изборни) и за додатна,дополнителна и слободните ученички активности. Истите во август ги предаваат во стручната служба на училиштето. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 1: Наставните планови и програми**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>❖ Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.<br>❖ Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето.<br>❖ Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план, постапката за избор на наставни предмети се применува во целост.<br>❖ Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.<br>❖ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој. |

**Слаби страни**

- Училиштето делумно се соочува со проблем при приспособување на наставните прогами по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби.
- Наставните планови и програми треба да бидат прилагодени за работа со надарени ученици.
- Дел од наставниците не ја применуваат стратегија за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 1: Наставните планови и програми**

**Анализа на резултатите (подетална анализа):**

Наставно-воспитниот процес се реализира редовно според плановите и програмите донесени од МОН, од страна на стручно оспособен кадар. Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето. Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на родителските средби а пак учениците на првите часови на почетокот од учебната година.
На почетокот на секоја учебна година, наставниците доставуваат изработени планирањаза сите видови настава. Директорот и стручната служба им даваат подршка за поефикасно планирање, а според изготвени критериуми за успешно планирање и реализирање на часот заеднички ги следат и вреднуваат посетените часови. На тој начин во училиштето се оценува работата на наставниците не само во делот на планирањата, туки и во реализацијата на сите видови настава, СУА, потоа преку постигнатиот успех и резултати од учество на натпревари.
Училиштето има делумно капацитет да ги приспособува наставните програми по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби. Наставните планови и програми треба да се прилагодат и за работа со надарени ученици.
Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според своите интереси и способности. Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари и постигнуваат резултати со кои го афирмираат училиштето. Во училиштето се организираат пригодни програми во кои учествуваат учениците членови во повеќе секции меѓутоа потребно е истите да се прилагодат на интересите на учениците со цел повеќе ученици да учествуваат во истите.

**Приоритетни подрачја (идни активности):**

- Да се обезбеди асистивна технологија и соодветна подршка од институциите со цел приспособување на наставните програми по одредени предмети според можностите на децата со подебни потреби;
- Да се изработи програма за работа со надерени ученици.

.

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Индикатори за квалитет и теми:**

**2.1 Постигање на учениците**

- Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставните предмети и по квалифакциони периоди
- Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност
- Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби
- Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава
- Следење на постигнувањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование

**2.2. Задржување/ осипување на учениците**

- Опфат на учениците
- Редовност во наставата
- Осипување на учениците
- Премин на учениците од едно во друго училиште

**2.3 Повторување на учениците**

- Учениците што не ја завршуваат годината

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| • Анализа на успехот за изминатите 3 години,<br>• Извештаи и записници од Стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор,<br>• План и програма за дополнителна и додатна настава,<br>• Извештаи од стручна служба,<br>• Досиеја на ученици,<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари),<br>• Список на деца од реонот на училиштето што треба да се опфатат во прво одделение | 2.1 Постигањата на учениците се следат континуирано по секој наставен предмет во секое одделение. За секој квалификационен период учениците добиваат описна или бројчана оценка во зависност од законската обврска за соодветното одделение. Наставата се изведува на македонски јазик, поголемиот дел од учениците се македонци, но во училиштето има и роми, срби, бошњаци и власи, но истите се во мал процент.<br>Со уписот на учениците во I одд. се идентификуваат ученици кај кои се забележуваат одредени ограничувања во развојот, посебни образовни потреби или пак изразени напредни способности. Стручната служба ги запознава одделенските наставници со ваквите случаи и понатаму се следи нивното прилагодување односно напредување во наставата. Доколку има потреба се бара мислење од соодветни стручни лица и институции. Поради зголемениот број на ученици со посебни потреби потребно е редовно следење и работа со овие ученици од страна на дефектолог. Следењето се врши индивидуално преку набљудување од страна на дефектолог,одделенскиот раководител, наставници ,нивното учество во процесот на наставата,како и изработка на ИОП или модифицирана програма во зависност од препораките на МКФ.Инклузивниот тим во училиштето е целосно вклучен во напредокот на овие ученици. На одделенските совети заеднички се коментира и се дава оценка и препорака за приодот и тежинското ниво на барањата од овие ученици.<br>Подобрување на постигањата на учениците се постигнува со работење на часовите од задолжителната настава, дополнителната, додатната, подготовка и учество на ученички за натпревари, конкурси, приредби. Училиштето има изготвено интерен правилник за пофалби и награди со цел да се стимулира развојот на позитивните особини кај учениците, да се јакне вербата |

| | |
|---|---|
| (од надлежните служби од единиците на локалната самоуправа),<br>• Анализа на опфатот, осипувањето и изостанувањето од наставата,<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ),<br>• Записници од средби со родители,<br>• Евиденција на заминати и новодојдени ученици (предводници),<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки | во сопствените можности и да се даде признание за постигнатите успеси во воспитно-образовната дејност Јавно им се доделуваат пофалби и награди на учениците кои се истакнуваат со одличен успех, со посебно ангажирање во наставата, како и оние кои учествуваат и постигнуваат резултати на ученички натпревари и конкурси.<br>Училиштето го следи преминот на учениците од еден во друг циклус посебно од одделенска во предметна настава, по што се дискутира за воочените промени и надминувањето на истите. Не се следи преминот на учениците од едно до друго ниво во образованието.<br>Споредбата на резултатите се врши според полугодишниот и годишниот успех по наставни предмети и одделениа за тековната и претходната учебна година**.** |
| | 2.2 Опфатени се сите ученици од реонот.<br>Редовноста е на задоволително ниво. Редовноста на учениците се евидентира од страна на одделенските раководители и се контактира со родителите. Стручната служба врши советување на родителите и учениците кое е предвидено со Законот за основно образование за оние ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, имаат намален успех или несоодветно се однесуваат на училиште.<br>Осипувањето на учениците е незначително. Исто така имаме голем број на новодојдени ученици поради густонаселена општина со голем број стамбени објекти и жители. При премин на ученици од едно во друго училиште се постапува според законските одредби со добивање односно барање согласност од училиштето за премин со образложение на причините за преминување, доставување преведница, и известување на училиштето за запишување на ученикот по воведување на ученикот во главна книга. |
| | 2.3 Во последните години нема ученици кои не ја завршиле годината. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **Интервју со стручна служба** | **Тим на СЕУ**<br><br>➢ Фоника Станоева<br>➢ Маре Јаничиќ<br>➢ Дубравка Гешовска<br>➢ Вера Л. Рајатоска<br>➢ Тинка Пачоска | **Интервју со стручна служба**<br><br>1. На прашањето:<br>а) Какви се постигнувањата на учениците од различен пол, стручната служба одговорила дека според просечната оценка на успехот  нема значителна разлика во однос на полот.<br>б) Какви се постигнувањата на учениците од различна етничка припадност, стручната служба одговорила дека постигнувањата на учениците од ромската припадност се пониски.<br>в) Какви се постигнувањата по наставни предмети, стручната служба одговорила дека постигнувањата на учениците се со повисоки резултати кај предметите: физичко и здравствено образование, техничко образование, ликовно образование, информатика и природни науки, а пониски се кај предметите: физика,  математика и хемија.<br>г) Какви се постигнувањата по квалификациони периоди, стручната служба одговорила дека ќе се направи споредување на успехот на крајот од учебната година со полугодишниот.<br>2. На прашањето:<br>а) Дали и на кој начин вршите идентификација на учениците со тешкотии во учењето, стручната служба одговорила дека од информации на класните раководители идентификацијата се врши (индивидуално  и преку советувања)<br>б) Дали и на кој начин се врши идентификација на надарените ученици, стручната служба одговорила дека  се врши преку континуирано следење..<br>в) Дали и на кој начин се врши идентификација на ученици со посебни образовни потреби, |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручната служба одговорила дека се врши од дефектологот и одделенските раководители, со потврда и стручно мислење од компетентни лица и институции, преку согледувања од следењето на наставниците.<br>3. На прашањето:<br>а) Според вашите анализи за изминатите три години какви се вашите согледувања за опфатот на учениците од реонот на училиштето, стручната служба одговорила дека опфатени се сите ученици од реонот.<br>б) Според вашите анализи за изминатите три години какви се вашите согледувања за редовноста во наставата, стручната служба одговорила дека најчесто се редовни учениците со исклучок на многу мал процент од одредени ученици.<br>в) Според вашите анализи за изминатите три години какви се вашите согледувања за осипување на учениците, стручната служба одговорила дека осипувањето е незначително и е по однос на преселување.<br>г) Според вашите анализи за изминатите три години какви се вашите согледувања за премин на учениците од едно во друго училиште, стручната служба одговорила дека делумно се запознаени.<br>д) Според вашите анализи за изминатите три години какви се вашите согледувања за новодојдени ученици, стручната служба одговорила дека од друго училиште во учебната 2021/22дојдени се 27 ученика.<br>4. На прашањето:<br>а) Според вашите анализи за изминатите три години во која насока се движи бројот на учениците кои не ја завршуваат годината, стручната служба одговорила дека немаме повторувачи.<br>5. На прашањето:<br>а) Според вашите анализи за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, стручната служба одговорила дека континуирано се анализираат податоци преку извештаи од тримесечијата во текот на учебната година. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета за наставници | | Испитани се вкупно **22 наставници** (20 женски и 2 машко)<br><br>1. На прашањето *Дали ги следите постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди?* **14 наставници или 64%** одговориле со „Да“, **5 наставници или 23%** одговориле со „Не“ и **3 наставници односно 14 %** одговориле со „Делумно“.<br>2. На прашањето *Според кој од горенаведените критериуми сте забележале најголема разлика во постигањето на учениците?* Најголемиот дел од наставниците, **68% односно 13 наставници** го одбрале критериумот „различни квалификациони периоди“ според кој увидуваат разлика во постигнувањето на учениците. **4 наставници односно 21%** одбрале „етничка припадност“ и **2 наставници односно 11%** го одбрале критериумот различен пол“.<br>3. На прашањето *Дали ги идентификувате учениците со потешкотии во учењето?* најголем дел од испитаните наставници одговориле со „Да“, **19 наставника 86%**. **1 наставник или 5%** одговорил со „Не“ и **2 наставници или 9%** одговориле со „Делумно“.<br>4. На прашањето *Наведете два инструмента со кои ги идентификувате учениците со потешкотии во учењето* наставниците самите ги искажаа своите согледувања а меѓу одговорите кои најмногу беа застапени се следните:<br>➢ чек-листа<br>➢ тестови на знаење,<br>➢ индивидуален разговор<br>➢ анегдотска белешка,<br>➢ разговор<br>➢ набљудување,<br>➢ индивидуален пристап<br>5. На прашањето *Дали ги идентификувате надарените ученици?* најголем дел од наставниците, т.е. **67% или 14 наставници** одговориле „Да“, само **2 или 10%** одговориле „Не“ и **5 наставници односно 24%** одговориле со „Делумно“. |

6. Инструментите кои најчесто беа споменати на прашањето *Наведете два инструмента со кои ги идентификувате надарените ученици* се следниве:
   - чек-листа
   - тестови на знаење,
   - индивидуален разговор
   - анегдотска белешка,
   - разговор
   - набљудување,
   - индивидуален пристап
7. На прашањето *Заокружете ја онаа група на ученици кои покажуваат најголеми отстапки од поставените наставни цели* **56% односно 10** од испитаните наставника одговориле дека тоа се ученици со посебни образовни потреби; **8 наставника или 44%** одговориле дека тоа се ученици со потешкотии во учењето а **ниту еден наставник или 0%** не ги одбрал надарените ученици како категорија.
8. На прашањето *Дали сте забележале подобрување во постигањата на учениците преку дополнителната и додатната настава*? најголем број од наставниците – **57%, односно 12** одговориле со „Делумно“, **ниту еден наставник или 0%** не одговорил „Не“ а **9 наставници или 43 %** одговориле „Да“.
9. На прашањето *Според вашите согледувања од изминатите три години во која насока се движи редовноста на учениците во наставата*? **62% или 13 наставници** одговориле дека сметаат дека редовноста е на исто ниво, **8 наставници или 38%** сметаат дека редовноста е подобрена и **ниту еден наставник или 0%** не смета дека редовноста е намалена.
10. На прашањето *Дали водите евиденција за индивидуалниот напредок на учениците* ? најголемиот дел од испитаните наставници односно **95% или 21 наставници** одговориле „Да“, само **1 наставник или 5%** одговориле со „Делумно“ а **ниту еден наставник или 0%** не одговорил „Не“.

| | | |
|---|---|---|
| **Чек листа** | | За сумирање на резултатите од анкетните прашалници и правење на анализа на добиените резултати беше користена **чек-листа**. Ова се добиените резултати:<br><br>• Какви се постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди, најмногу од наставниците одговориле со ДА.<br>• Според кој од горе наведените критериуми забележале најголема разлика во постигањето на учениците, најмногу од наставниците одговориле со ДА на различни квалификациони периоди.<br>• Дали наставниците ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, најмногу од наставниците одговориле со ДА.<br>• Дали наставниците ги идентификуваат надарените ученици, најмногу од наставниците одговориле со ДА.<br>• Која група на ученици покажува најголеми отстапки од поставените наставни цели, најмногу од наставниците одговориле со ДА на учениците со посебни образовни потреби.<br>Дали наставниците забележале подобрување во постигањата на учениците преку дополнителната За сумирање на резултатите од анкетните прашалници и правење на анализа на добиените резултати беше користена **чек-листа**. Ова се добиените резултати:<br><br>• Какви се постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди, најмногу од наставниците одговориле со ДА.<br>• Според кој од горе наведените критериуми забележале најголема разлика во постигањето на учениците, најмногу од наставниците одговориле со ДА на различни квалификациони периоди.<br>• Дали наставниците ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето, најмногу од наставниците одговориле со ДА.<br>• Дали наставниците ги идентификуваат надарените ученици, најмногу од наставниците одговориле со ДА. |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Која група на ученици покажува најголеми отстапки од поставените наставни цели, најмногу од наставниците одговориле со ДА на учениците со посебни образовни потреби.<br>• Дали наставниците забележале подобрување во постигањата на учениците преку дополнителната и додатната настава, најмногу од наставниците одговориле со ДЕЛУМНО.<br>• Според согледувањата на наставниците од изминатите три години во која насока се движи редовноста на учениците во наставата, најмногу од наставниците одговориле со ДА на редовноста е на исто ниво.<br>• Дали наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците, најмногу од наставниците одговориле со ДА.и додатната настава, најмногу од наставниците одговориле со ДЕЛУМНО.<br>• Според согледувањата на наставниците од изминатите три години во која насока се движи редовноста на учениците во наставата, најмногу од наставниците одговориле со ДА на редовноста е на исто ниво.<br>• Дали наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците, најмногу од наставниците одговориле со ДА. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Резултати** |
| **Јаки страни**<br>❖ Редовноста е на исто ниво и не е намалена.<br>❖ Наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците.<br>❖ Се следат постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди. |
| **Слаби страни**<br>➢ Послаби резултати кај учениците со посебни образовни потреби и со потешкотии во учењето. |

- Покрај тоа што наставниците и дефектологот се изјаснуваат на одделенските совети за напредокот на учениците со посебни потреби, треба поголема транспарентност и соработка со родителите и соодветните институции како и набавка на асистивна технологија.
- Потребно е изготвување на инструменти со кои ќе се идентификуваат надарените ученици.
- Потребно е изготвување на програма за работа со надарени и талентирани ученици.

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Анализа на резултатите (подетална анализа):**

Училиштето настојува кај учениците да изгради свест за значењето од стекнување знаења и вештини кои им се потребни за градење на својата личност и се основа за понатамошно образование и примена во секојдневниот живот и работа. Учениците своите знаења ги стекнуваат со активно учество на часовите од задолжителна настава, другите видови настава како и воннаставните активности.
Постигањата на учениците се следат континуирано од страна на наставниците и периодично од страна на стручната служба. Се врши анализа на постигнатиот успех по одделенија и предмети и се предлагаат мерки за надминување на воочени пропусти. Потребно е да се прави споредбена анализа на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво.
Учениците постигнуваат успеси и од учество на натпревари по природни науки ,литературни и друг вид конкурси, но не е доволна мотивацијата за учениците и наставниците, потребни се повеќе финансиски средства за оваа намена.
Образовниот процес во нашето училиште го завршуваат сите ученици. Последниве години нема ученици што го повториле одделението,осипувањете е незначително но зголемен е бројот на новодојдени ученици поради голем број на жители и нови станбени објекти во општина Аеродром. Училиштето тоа го постигнува со навремено укажување и советување на учениците дека завршувањето на основното образование е законска обврска и постојани и навремени разговори и советувања со родителите на оние ученици каде што се чувствува можност за слаб успех.
Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја изведуваат главно наставниците, раководителот на паралелката и стручната служба. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава како и ангажманот на стручната служба и инклузивниот тим. Надарените ученици се идентификуваат од страна на наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој

наставник индивидулано. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците. Потребно е изработка на вакви инструменти со цел побрзо и полесно да се идентификуваат надарените ученици и утврдување на видот на надареност/ талентираност, за да може училиштето да изготви соодветна програма за работа со овие ученици. Исто така потребно е формирање на тим кој ќе помогне во работата со надарени и талентирани ученици.

**Приоритетни подрачја (идни активности):**

- Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво;
- Одредување на финансиски средства за учество на натпревари и конкури и фонд за надарени и талентирани ученици.
- Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.
- Изработка на програма за работа со надарени и талентирани деца.

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 3: Учење и настава**

**Индикатори за квалитет и теми:**

**3.1 Планирања на наставниците**

- Поддршка и следење на планирањата на наставниците
- Индивидуални планирања на наставниците
- Размена на искуства и информации при планирањето
- Распоред на часови

**3.2 Наставен процес**

- Наставни форми и методи
- Избор на задачи, активности и ресурси
- Интеракција меѓу наставниците и учениците

- Приод на наставникот кон учениците
- Следење на наставниот процес

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

- Средина на учење
- Атмосфера за учење
- Поттикнување на учениците за преземање одговорност
- Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

- Идентификување на образовните потреби на учениците
- Почитување на различните потреби на учениците во наставата

**3.5 Оценувањето како дел од наставата**

- Училишна политика за оценување
- Методи и форми за оценување
- Користење на информациите од оценувањето во наставата
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Грижа на учениците од социјално загрозени семејства

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

- Водење на евиденција за индивидуален напредок на учениците
- Анализа на напредокот на учениците по паралелки
- Известување за напредокот на учениците на одделенските совети на предметна и одделенска настава и наставничкиот совет
- Известување за напредкот на учениците на родителите

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 3: Учење и настава**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |

| | |
|---|---|
| • Наставни планови и програми донесени од МОН,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Тематски планирања на наставниците,<br>• Прилагодени наставни програми за децата со ПОП,<br>• Педагшка евиденција и документација,<br>• Записници од иницијативи за изменување и дополнување на наставните планови и програми,<br>• Разработени насоки (предавања, обуки, работилници) за вградување на меѓупредметните цели, | **3.1** При реализирањето на наставните планови и програми, наставниците ги прават следните планирања: годишен глобален план, тематски процесни планирања и дневни подготовки, сценарија (според новата концепција). Во училиштето, сите наставници имаат изготвено годишни планирања според работниот календар, кои на почетокот од секоја учебна година ги доставуваат до стручната служба и тематски процесни планирања кои ги доставуваат една до две седмици пред започнување на секоја нова тема. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставна работа. Најголем дел од наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час.<br>Сите наставници изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања, со што на учениците и родителите им се дава до знаење кои цели треба да ги постигнат за соодветна оценка. На овој начин се постигнува поголема транспарентност, јасност и доследност во оценувањето на учениците.<br>Стручната служба ги чува планирањата на наставниците во посебни досиеја за секој наставник. Следењето на планирањата на наставниците го врши стручната служба во училиштето и Директорот на училиштето. И во текот на учебната година од нивна страна се врши проверка на планирањата на наставниците. Дел од нивните работни обврски е и поддршката што им ја даваат на наставниците за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес во училиштето, за што има пропишани приоди и утврдени процедури. Поддршката се гледа и во организирање обуки во училиштето, преку семинари,вебинари и сл. Темите се во врска со планирањата и оценувањето, менаџментот во |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">
<ul>
<li>Записници од стручни органи на училиштето, Совет на родители, Училишен одбор</li>
<li>Програми за дополнителна, додатна настава и други воннаставни активности (секции, екскурзии, приредби)</li>
<li>Брошура, флаери и интернет страницата на училиштето,</li>
<li>Програма за работа на директор, стручна служба,</li>
<li>Записници од индивидуални разговори со ученици и родители,</li>
<li>Увид во предагошка евиденција (работа на проекти),</li>
<li>Увид во просторните капацитети</li>
<li>Податоци за организирана исхрана на учениците,</li>
<li>Податоци од организирани трибини и предавања</li>
<li>Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми,</li>
</ul>
</td>
<td>училница, примена на информатичка технологија во наставата ,примена на нови форми и методии други.<br>Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колегите од колективот. Се применуваат и укажувањата и насоките на советниците.<br>Распоредот на часови го прави еден наставник од училиштето во консултација со стручната служба и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети на училиштето, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките, заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава.</td>
</tr>
<tr>
<td>3.2 Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа,далечинско учење ,користење на интернет платформи кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето. Методите кои ги користат се добро испланирани за да работат со учениците индивидуално, во тандем, во групи или со цела паралелка. На овој начин, наставниците мошне успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и<br>вештините за соработка и комуникација. Најчести форми и методи кои се користат се: заедничка работа, индивидуална, групна, метод на усно излагање, интерпретативно-аналитички метод, метод на истражување и метод на разговор и дискусија,<br>Наставниците ги планираат сите задачи и активности кои треба да се реализираат во училиштето или дома, а истите се прилагодени на потребите на учениците за да ги постигнат предвидените цели на наставата. При реализирање на овие наставни форми и методи како ресурси се користат: компјутер, печатач, училишна табла, смарт табла, текстови, стручна литература, весници и списанија, телевизор, касетофон, географски и историски карти и др. Повеќето од наставниците користат различни извори и приоди за учење. Често се користат и информации од Интернет, до кои учениците доаѓаат преку истражување и истите ги средуваат во финален производ — проект, кој потоа го презентираат пред соучениците. Учениците се запознаени со целите на наставата и учењето.<br>Во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења. На овој начин се гради доверба помеѓу</td>
</tr>
</table>





| | |
|---|---|
| • Досие на ученик,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Куќен ред,<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата,<br>• Извештаи и анализи | наставниците и учениците. Најчесто применувани методи на интеракција се: поставување прашања, практична активност, самостојна изработка на проекти, оценување и поттикнување на самооценување од страна на учениците, поттикнување на бура идеи и други. Со цел да поттикнат пријатна и стимулативна работна клима во училницата, наставниците даваат јавни пофалби на учениците пред целата паралелка, а исто така позитивно се произнесуваат за активните и дисциплинираните ученици на наставнички совет итн.<br>При приодот кон учениците сите наставници ја почитуваат личноста на ученикот, не им се обраќаат со погрдни и навредливи зборови. Наставниците немаат стереотипи за машки и женски активности и професии и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. Исто така, наставниците подеднакво ги испрашуваат и машките, и женските ученици.<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час во првото и/или второто полугодие од учебната година, од страна на стручната служба. Добиените резултати од направениот увид на час потоа се разменуваат на ниво на стручен актив, со цел подобрување на наставниот процес. |
| | **3.3** Учениците сметаат дека во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Голем дел од учениците се изјасниле дека имаат можност самостојно да размислуваат, да даваат предлози и да преземаат одговорност во процесот на учење, без оглед на полот, националноста и социјалното потекло. Тие сметаат дека училиштето низ организирани форми ги поттикнува и мотивира за меѓусебна соработка.<br>Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Учениците можат да го искажат своето мислење пред наставниците за одделни прашања и проблеми.<br>Училиштето ги вклучува учениците и наставниците во активностите по повод Денот на екологијата, Денот на пролетта, патрониот празник на училиштето, во организирање хуманитарни акции, еднодневни и повеќедневни екскурзии. Училиштето ги вклучува еко активностите за чија цел е формиран и Еко-одбор од ученици, наставници, родители, перетставници од општината. Нивната активност во училиштето се гледа во организирање еко-трибини, советувања, изготвување флаери со еколошки пораки, истакнување на видно место на трудовите на учениците кои содржат еко- |

| | |
|---|---|
| | мотиви,заштеда на електрична енергија,вода,селектирање на одпад итн. На овој начин се врши влијание врз свеста на учениците за конзумирање здрава храна, чување на природата и околината во која се учи и живее.<br>Учениците  во поглед на средината на учење сметаат дека им недостасуваат училници кои ќе бидат опремени со компјутер за секое дете и ќе располагаат со поголем број на наставни и нагледни средства. |
| | **3.4** Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на Одделенски совет, на Наставничките совети и на Советот на родители.<br>Секој ученик има можност да ги истакне своите афинитети и интереси со учество во слободните ученички активности.<br>За образовните потреби и проблеми, учениците дискутираат и на ниво на ученичка заедница. За проблемите во врска со учењето, секој ученик може да се обрати и до психолошката служба и да разговора за истите, како и за начинот на нивно решавање. Притоа, се преземаат многубројни активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките.<br>Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање: редовна настава, дополнителна настава, додатна  настава, преку темелно објаснување на материјалот, разговор за нивните интереси, индивидуални разговори за разни теми, разговори за проблеми од лична природа. За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори и  со родителите. |
| | **3.5** Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето редовните и изборните наставни предмети се оценуваат описно и со нумерички оценки од недоволен (1) до одличен (5). Поведението на учениците се оценува како: примерно, добро и незадоволително. Учениците и родителите се запознаваат со стандардите и критериумите за оценување на родителски средби, кои се реализираат на почетокот на учебната година, како и за секоја добиена оценка на приемните денови со родителите. |

| | |
|---|---|
| | Наставниците имаат посетено обука за унапредување на оценувањето на која се запознале со принципите и стандардите за оценување, како и со видовите оценувања (формативно и сумативно оценување).<br>Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, итн. Оттука следува дека добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти,а различните приоди во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.<br>Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Учениците се вклучуваат во процесот на оценување и преку самооценување и меѓусебно оценување. |
| | **3.6** Во училиштето постојат податоци за изминатите три години како се движи напредокот на учениците по паралелки, додека наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. За напредокот на учениците одделенските раководители редовно го известуваат советот на предметни и одделенски насавници и наставничкиот совет. Родителите/старателите се известуваат за напредокот на учениците преку редовни родителски средби, индивидуални средби со одделенскиот раководител но и со предметните наставници, електронскиот дневник и евидентнтите листови. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје**

**Подрачје 3:**
**Учење и настава**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето** | **Кои информации се собрани** |

| **податоци** | **на податоци** | |
|---|---|---|
| **Анкетен прашалник за наставници** | **Тим на СЕУ**<br><br>➢ Светлана Петрова<br>➢ Вилма Влаховиќ<br>➢ Дивна Диневска<br>➢ Ленче Ѓуроска<br>➢ Борче Мантаровски | Испитани се вкупно **22 наставника** (21 женско и 1 машко)<br><br>5. На прашањето *Дали применувате разновидни форми и методи за време на часот?* **95,4%** одговориле **Да**, **0 %** одговориле Не и **4,6%** одговориле Делумно<br>6. На прашањето *Дали правите избор на задачите и активности соодветно на целите од наставната содржина за време на часот?* **91%** одговориле Да, **0 %** одговориле Не и **9%** одговориле Делумно<br>7. На прашањето *Дали постои интеракција меѓу наставникот и учениците за време на часот?* **100%** одговориле Да<br>8. На прашањето *Дали ги запознавате учениците со целите и активностите за време на часот?* **100%** одговориле Да<br>9. На прашањето *Дали сметате дека кај сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умееља, знаења, постои поттикнување од страна на наставниците, за превземање на одговорности?* **73%** одговориле Да, **0 %** одговориле Не и **27%** одговориле Делумно.<br>10. На прашањето *Постои ли интеракција на учениците меѓу себе (дали се остварува солидна соработка меѓу самите ученици без никаква родова поделеност) како и соработка со возрасните во училиштето?* **73%** одговориле Да, **0 %** одговориле Не и **27%** одговориле Делумно<br>11. На прашањето *Дали сметате дека наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште систематски ги идентификуваат и ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик?* **41%** одговориле Да, **4,6 %** одговориле Не и **54,4%** одговориле Делумно<br>12. На прашањето *Сметате ли дека сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од стручната служба?* **36,6%** одговориле Да, **9 %** одговориле Не и **54,4%** одговориле Делумно<br>13. На прашањето *Дали водите евиденција за индивидуалниот напредок на учениците* ? најголемиот дел |

| | | |
|---|---|---|
| | | од испитаните наставници односно **95% или 21 наставници** одговориле „Да“, само **1 наставник или 5%** одговориле со „Делумно“ а **ниту еден наставник или 0%** не одговорил „Не“. |
| **Анкетен прашалник за ученици** | | Испитани се вкупно **60 ученици** (30 женски и 30 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали наставникот применува разновидни форми и методи за време на часот?* **53%** одговориле Да, **8%** одговориле Не и **39%** одговориле Делумно<br>2. На прашањето *Дали наставникот применува соодветни задачи и активности за време на часот?* **68,3%** одговориле Да, **1,7%** одговориле Не и **30%** одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Дали постои интеракција меѓу наставниците и учениците за време на часот?* **70%** одговориле Да, **5%** одговориле Не и **25%** одговориле Делумно<br>4. На прашањето *Дали наставникот ве запознава со целите и активностите за време на часот?* **67%** одговориле Да, **6,7%** одговориле Не и **26,3%** одговориле Делумно<br>5. На прашањето *Дали сметате дека училиштето нуди солидна средина за учење (училници опремени со компјутер ,солидно опремени кабинети, реновирани санитарни јазли, комплетно реновирани тоалети, модерна кујна, трпезарија, библиотека, фискултурна сала, сопствен разглас, обезбеден продолжен престој, средени училници со одреден број нагледни и наставни средства, посебен приод за инвалидизирани лица?* **47%** одговориле Да, **8%** одговориле Не и **45%** одговориле Делумно<br>6. На прашањето *Дали сметате дека кај сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умеења, знаења, постои поттикнување од страна на наставниците, за превземање на одговорности?* **58%** одговориле Да, **8%** одговориле Не и **34%** одговориле Делумно<br>7. |
| **Анкетен прашалник за родители** | | Испитани се вкупно **45 родители** (25 женски и 20 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали во училиштето се реализира посебна проширена програма за вашите деца (се однесува на учениците од прво до трето одделение)?* **53%** одговориле Да, **31%** одговориле Не и **16%** одговориле Делумно |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. Преку интервју родителите беа прашани за начинот на известување за напредокот на учениците и сите одговорија дека најчест начин за известување на успехот се родителските средби, потоа индивидуалните средби со одделенските раководители но и со предметните наставници, електронскиот дневник и евидентните листови. |
| **Интервју со стручна служба** | | **Од интервјуто со стручната служба ги добивме следниве информации:**<br>• Наставниците влијаат врз изработувањето на наставните програми и планови со давање на писмени сугестии и предлози за нивно изменување до МОН и БРО<br>• Имаат постојан увид во годишните, тематските и дневните планирања на наставниците<br>• Им помагаат на наставниците при планирањето на наставниот процес со тоа што им даваат стручни консултации и напатствија за работа<br>• Посетуваат часови на наставниците еднаш во текот на едно полугодие<br>• Сметаат дека наставниците применуваат разновидни наставни форми и методи во наставата со физичко присуство и од далечина .Помеѓу наставниците и учениците постои интеракција за време на часовите |
| **Интервју со претседатели на** | | **Од интервјуто со претседателите на стручните активи ги добивме следниве информации**: |

| | | |
|---|---|---|
| **активи** | | • Наставниците ги интегрираат општите меѓупредметни цели во наставата<br>• Интегрирањето на целите влијае позитивно, бидејќи на тој начин учениците подобро ги уввојуваат и ги надополнуваат своите знаења<br>• Наставниците си разменуваат искуства за време на состаноците на стручните активи и со посетата на часовите. Си споделуваат совети за изработката на наставните програми, за дневните, месечните и седмичните планирања. |
| **Интервју со наставници** | | **Од интервјуто со наставниците ги добивме следниве информации**:<br>• Наставниот кадар и стручната служба ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик. Тие користат разновидни техники за откривање и воочување на образовните потреби на секој ученик. За своите образовни потреби, учениците разговараат со одделенскиот раководител на одделенските часови, а наставниците разговараат на Одделенски совет, на Наставничките совети и на Советот на родители.<br>• Учениците кои имаат пречки во развојот, наставниците им помагаат во секојдневната работа, ги приспособуваат работните обврски според нивните можности и знаења. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 3: Учење и настава**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>❖ Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења..<br>❖ Оценувањето во училиштето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br>❖ За напредокот и оценувањето на учениците навремено и транспаретно се информираат сите засегнати страни, наставничките совети и родителите.<br>❖ Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование (осумгодишно и деветгодишното образование). Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.<br>❖ Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето.<br>❖ Училиштето на учениците им нуди три изборни предмети, според наставниот план, постапката за избор на наставни предмети се применува во целост.<br>❖ Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат. |
| **Слаби страни**<br><br>➢ Во училиштето делумно е прибирано и разгледувано мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.<br>➢ Во процесот на учење и оценување треба да се посвети поголемо внимание на идентификација и работа со надарени деца |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 3: Учење и настава**

| **Анализа на резултатите (подетална анализа):** |
|---|
| Наставниците користат разновидни форми и методи на работа во зависност од наставната единица и одделението каде се изведува наставата. Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења..<br>Оценувањето во училиштето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.<br><br>Учениците индивидуално, групно или пак заедно со наставниците изработуваат трудови од повеќе области: литературни и ликовни трудови, изработки од ТО, проекти и истражувања од повеќе предмети и области и други изработки. Најдобрите се изложени во училниците и ходниците. Застапени се трудови независно од полот или социјалниот статус, туку според успешноста и афинитетите на учениците. |
| **Приоритетни подрачја (идни активности):** |
| ➢ Да се обезбеди доволно капацитети за да се приспособат наставните програми по одредени предмети според можностите на децата со посебни потреби;<br>➢ Да се изработат индикатори и програма за идентификација и работа со надарени деца |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците**

| **Индикатори за квалитет и теми:** |
|---|
| **4.1 Севкупна грижа за учениците**<br>➢ Заштита од физички повреди и елементарни напогоди<br>➢ Превенција од насилство<br>➢ Заштита од пушење, алкохол и дрога |

- Квалитет на достапна храна
- Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- Поддршка на надарените ученици
- Грижа на учениците од социјално загрозени семејства

**4.2 Здравје**

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за учениците со здравствени проблеми

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

- Пружање помош при изборот на занимање/понатамошно образование
- Грижа за учениците со емоционални проблеми

**4.4 Следење на напредокот на учениците**

- Анализа на напредокот на учениците по паралелки

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| • Програма за работа на директор, стручна служба,<br>• Записници од индивидуални разговори со ученици и родители,<br>• Увид во предагошка | **4.1** Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, подови, прозорци, струјни места, двор) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор. Исто така во училиштето има и обезбедување кое е покриено од надворешна компанија.<br>Училиштето нема обележани патокази кон излезите во случај на елементарна непогода. |





| | |
|---|---|
| евиденција (работа на проекти),<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците,<br>• Податоци од организирани трибини и предавања<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми,<br>• Евиденција и известување на училиштето за ученици кои покажуваат надареност,<br>• Досие на ученик,<br>• Годишна програма за работата на училиштето,<br>• Куќен ред,<br>• Записници од органи во училиштето,<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на децата,<br>• Извештаи и анализи | По одредени предмети од природните науки: физика, хемија и биологија се вршат опити и експерименти, секогаш во присуство на предметниот наставник. Групата која го изведува експериментот, ги презема сите мерки за претпазливост пред неговото изведување, т.е. наставникот ги едуцира како како треба да се се заштитат или како да реагираат во случај на ненамерна грешка.<br>Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош.<br>За обезбедување на благосостојба на учениците, за време на наставата која се изведува во две смени има дежурни наставници кои водат грижа за да не настанат проблеми за време на одморите во училиштето и училиштниот двор. За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, училиштето е под видео надзор (влезови, холот, ходниците).<br>Училиштето  ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај  на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно. Според пишан документ, во училиштето се забранети сите видови на психичко , физичко,социјално и родово насилство. Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците, истакнат на јавно место во кој е наведено дека, доколку кај учениците се јават проблеми од било каков карактер (лични, во врска со училиштето, социјалниот живот) можат да се обратат за помош кај наставниците.<br>Советодавна работа со учениците кои манифестираат различни облици на неприлагодено однесување, организира и реализира стручната служба според својата годишна програма. За решавање на различни проблеми кај децата, стручната служба  разговара и со родителите на децата кои покажуваат облици на наприлагодено однесување.<br>Во Годишната програма на училиштето е интегрирана и Прграмата за намалување на насилството. Реализирана е обука за наставниците за препознавање на знаците на семејно настилство на која учествуваа сите наставници. Обуката беше одржана од страна на Невладината организација „Здружение за еманципирање, солидарност и еднаквост на жените на РМ – ЕСЕ“. Учениците се насочуваат за да препознаваат облици на насилство и заштита од истите, како и превенција од меѓусебно насилство, сајбер булинг,омраза и други типови на нетрпение во училиштето. Училиштето преку работилници и вебинари организира разрешување на конфликти и заштита од било каков вид на насилство. |





| | |
|---|---|
| | За учениците за кои постои сомневање дека се физички или ментално злоупотребени, известувањето се врши преку предметниот наставник кој го забележал тоа или има сознанија од други ученици до одделенскиот раководител. Тој пак се обидува на дискретен начин и со благ приод ученикот да го упати до стручната служба, кои може да ја пружат најсоодветната стручна помош или, пак, да го упати во соодветна институција . Учениците  се чувствуваат безбедни во училиштето додека се на настава и воннаставни активности, а истото мислење го делат и родителите.<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (училниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор ) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци.<br>Во Училиштето  се организираат предавањаод стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога. Ваквите предавања се од голема корист за учениците и родителите за да ги согледаат последиците од  пушењето, алкохолот и дрогата и да го насочат своето однесување кон негирање  на ваквите пороци со цел избегнување на ризиците.<br>За учениците во училиштето, организирана е исхрана која ја врши фирма која за таа намена се услужува со училишната кујна за што има договор со училиштето. Во училиштето се води  сметка учениците  да се хранат здраво, меѓутоа наставниците предлагаат да се зголеми внесот на овошје, зеленчук и житарки.<br>Преку зацртаните планови и програми на ЕКО одборот на училиштето (кое е вклучено во ЕКО програмата) е опфатена активноста за здрава исхрана, т.е. користење здрава и свежа храна преку спроведување на разни работилници, се со цел подигање на свеста на учениците да  посветат поголема грижа во делот на сопствената исхрана и своето здравје.<br>Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Ова категорија на ученици непречено можат да се движат во дворот и на првиот кат на училиштето, но не постои тоалет прилагоден за нивните потреби. Од страна на учениците и наставниците, безрезервно им се дава помош на учениците со пречки во развојот во сите моменти кога е потребно.<br>Училиштето се труди да ги препознае и насочи правилно надарените ученици, преку активности во зависност од нивниот талент. |





| | |
|---|---|
| | Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. За оценување на социјалните потреби училиштето користи непосредни разговори со учениците и родителите и тоа со помош на психолошката служба на училиштето. На учениците од социјално загрозените семејства им се пристапува внимателно, да не се повреди нивната личност, најголема поддршка добиваат од разговорите со одделенскиот раководител и психологот на училиштето, кои им влеваат самодоверба и им даваат морална поддршка. Училиштето за целосна интеграција на учениците од социјално загрозени семејства во наставните и вонаставните активности (екскурзии, натпревари, театарски претстави, облека, храна), самоиницијативно одлучува да им помогне на овие деца, најчесто преку хуманитарни акции организирани од учениците за помош и поддршка на соучениците од социјално загрозени семејства. |
| • Правилник за работа на помошниот персонал<br>• Протокол за работа во услови на пандемија донесен од МОН | **4.2** Хигиената во училиштето е на задоволително ниво.Во периодот на пандемија од КОВИД19, хигиенските услови се на највисоко ниво. Училиштето располага со правилник за работа на помошниот персонал, по кој се постапува и дејствува во сферата на нивните задолженија и активности. Ходниците, скалите, училниците, просториите и тоалетите се чистат и дезинфицираат редовно. Дворот во училиштето е чист од секакви отпадоци, тревните површини редовно се оддржуваат од страна на лице задолжено за оддржување на училишниот двор. Во дворот на училиштето, во секоја училница и ходниците има корпи за отпадоци.<br>При појава на епидемија или пандемија МОН, Комисијата за заразни болести и Владата училиштето во согласност со правилата и насоките дадени од епидемиолошката служба, ги информираат за симптомите, преносливоста и превенцијата, учениците, родителите и наставниците за посебен режим на однесување, како во училиштето, така и надвор од училиштето, се со цел навреме откривање и побрзо санирање на болеста. Стручната служба во ваков случај секој ден ја проверува состојбата на отсуства во училиштето, на ученици поради болест и врз основа на тоа се превземаат дополнителни дејства за реализирање на наставата.<br>Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција и лична хигиена.<br>Учениците одат на систематски прегледи, со кои се идентификуваат здравствените проблеми на учениците. Ако се забележат посериозни здравствени проблеми, учениците заедно со родителите се |

| | |
|---|---|
| | повикуваат во здраствената установа или им се советува да го посетат матичниот лекар.<br>На учениците, кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето им овозможува полагање на одделенски испит на крајот на учебната година. Училиштето за учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми, добива сознанија од родителите на учениците, кои разговараат со одделенскиот раководител. Одделенскиот раководител за тоа ги информира предметните наставници, а посебно наставниците кои предаваат физичко и здравствено образование. Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здраствените установи. |
| | 4.3 Училиштето ги подготвува учениците за понатамошното образование. Во осмо и деветo одделение, учениците имаат можност да присуствуваат на повеќе презентации од претставници од средни училишта, фирми, институции кои ќе им помогнат при изборот на своето понатамошно школување. При тоа полесно можат да ги дефинирааат своите интереси и да направат правилен избор. Учениците ги запознаваат со условите за конкурирање, програмите и со други важни информации на нивни прашања.<br>Училиштето им помага на учениците при изборот на нивното понатамошно образование и преку организирање на катче за професионално информирање, со спроведување на анкети за избор на идната професија и со советување за тоа кој би бил нивниот правилен избор за идната професија.<br>Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот (на пр. семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството и сл.). Со нив разговара стручната служба во училиштето која им помага преку советодавни и консултативни разговори или ги упатува до релевантни институции. Училиштето соработува со здравствени установи, со центарот за социјални работи и со други компетентни институции. |
| • Анализа на успехот за изминатите 3 години,<br>• План и програма за дополнителна и додатна настава, | 4.4 Во училиштето постојат податоци за изминатите три години како се движи напредокот на учениците по паралелки, додека наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. Исто така држат и дополнителна и додатна настава со учениците кои послабо/побрзо напредуваат. Индивидуалниот напредок на ученикот го пратиме преку досиејата на ученикот, во кој се наоѓаат сите наставни листови, тестови како и некои проекти на коишто работеле, а кои се прават за секој ученик посебно. Важно е да се напомене дека во последно време се забележува дека има |

| | |
|---|---|
| • Извештаи од стручна служба,<br>• Досиеја на ученици,<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето (меѓународни, национални, градски, општински, училишни натпревари),<br>• Увид во педагошката евиденција и документација,<br>• Известување на училиштето до надлежните органи (МОН и ДПИ),<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки | голем број на ученици кои учествуваат на разни натпревари (училишни, општински, градски, национални, државни и меѓународни), а на кои постигнуваат солидни резулати. Истите се забележани во Годишната програма на училиштето. Се прават споредби во однос на учеството на ваквите натпревари во претходните години. После секое тромесечие, се пополнуваат табели во кои се бележи успехот на учениците и по паралелки и на ниво на активи, а на крај се прави и табела со вкупниот успех на училиштето. Сите овие податоци се внесени во Годишната програма на училиштето, а истата се доставува до општината, МОН, БРО и ДПИ. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| **Анкетен** | **Тим на СЕУ:** | Испитани се вкупно **23 наставника** (21 женско и 2 машки) |

| | | |
|---|---|---|
| **прашалник за наставници** | ➢ Јоана Николиќ<br>➢ Виолета Јосифова<br>➢ Деан Стојанов<br>➢ Татјана Илиевска<br>➢ Љупка Д. Мирческа | 1. На прашањето *Дали сметате дека кај сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умееања, знаења, постои поттикнување од страна на наставниците, за превземање на одговорности?* **73%** одговориле Да, **0 %** одговориле Не и **27%** одговориле Делумно.<br>2. На прашањето *Постои ли интеракција на учениците меѓу себе (дали се остварува солидна соработка меѓу самите ученици без никаква родова поделеност) како и соработка со возрасните во училиштето?* **73%** одговориле Да, **0 %** одговориле Не и **27%** одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Дали сметате дека наставниот кадар и стручната служба во нашето училиште систематски ги идентификуваат и ги препознаваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик?* **41%** одговориле Да, **4,6 %** одговориле Не и **54,4%** одговориле Делумно<br>4. На прашањето *Сметате ли дека сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од стручната служба?* **36,6%** одговориле Да, **9 %** одговориле Не и **54,4%** одговориле Делумно |
| **Анкетен прашалник за ученици** | | Испитани се вкупно **60 ученици** (30 женски и 30 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали сметате дека училиштето нуди солидна средина за учење (училници опремени со компјутер ,солидно опремени кабинети, реновирани санитарни јазли, комплетно реновирани тоалети, модерна кујна, трпезарија, библиотека, фискултурна сала, сопствен разглас, обезбеден продолжен престој, средени училници со одреден број нагледни и наставни средства, посебен приод за инвалидизирани лица*? 47% одговориле Да, 8% одговориле Не и 45% одговориле Делумно<br>2. На прашањето *Дали сметате дека има задоволителен број на училници, простории, просторни услови со атмосфера за работа-учење*? 60% одговориле Да, 5% одговориле Не и 35% одговориле Делумно<br>3. На прашањето *Дали сметате дека кај сите ученици, без оглед на полот, националноста, етничката, верската припадност, социјалното потекло, нивните афинитети, вештини, умееања, знаења, постои поттикнување од страна на наставниците, за превземање на одговорности*? 58% одговориле Да, 8% одговориле Не и 34% одговориле Делумно |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. На прашањето *Постои ли интеракција на учениците меѓу себе (дали се остварува солидна соработка меѓу самите ученици без никаква родова поделеност) и со возрасните во училиштето*? 62% одговориле Да, 6,7% одговориле Не и 31,3% одговориле Делумно |
| **Интервју со стручна служба** | | **Од интервјуто со стручната служба ги добивме следниве информации:**<br>• Во училиштето се организираат трибини за превенција и заштита на учениците од пушење, дрога и алкохол,преносливи болести,епидемии.<br>• Училиштето им помага на учениците од социјално ранливите групи со тоа што се ослободени од некои училишни давачки и преку органиизирање на хуманитарни акции.<br>• Се води постојана грижа за хигиената во училиштето .<br>• Децата кои имаат социо-емоционални проблеми им се дава индивидуално советување од страна на стручната служба.<br>• За учениците кои треба да направат избор кое ќе биде нивното понатамошно образование стручната служба организира професионална ориентација, ги советува учениците за тоа кој би бил најдобриот избор за нивна идна професија според афинитетите,посета на објекти,фирми и средни училишта.<br>• Училиштето има и соработка со средните училишта, кои пак на учениците им вршат презентации за нивното училиште. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>❖ Во училиштето се организираат предавањаод стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога.<br>❖ Во училиштето учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат.<br>❖ Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. |

- ❖ Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
- ❖ Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место.
- ❖ Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здраствените установи.
- ➢ Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот

**Слаби страни**

- ➢ Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства
- ➢ Училиштето нема одредено фонд за поддршка на надарени и талентирани деца.

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 4: Подршката/помошта на учениците**

**Анализа на резултатите (подетална анализа):**

Училиштето настојува кај учениците да изгради свест за значењето од стекнување знаења и вештини кои им се потребни за градење на својата личност.Учениците своите знаења ги стекнуваат со активно учество на часовите од задолжителна настава, другите видови настава како и вонннаставните активности.

Постигањата на учениците се следат континуирано од страна на наставниците. Се врши анализа на постигнатиот успех по одделенија и предмети и се предлагаат мерки за надминување на воочени пропусти. Потребно е да се прави споредбена анализа на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво.

Учениците постигнуваат успеси и од учество на натпревари и литературни и друг вид конкурси, но не е доволна мотивацијата за учениците и наставниците, потребни се повеќе финансиски средства за оваа намена.

Образовниот процес во нашето училиште го завршуваат сите ученици. Последниве години нема ученици што го повториле одделението. Училиштето тоа го постигнува со навремено укажување и советување на учениците дека завршувањето на основното образование е законска обврска и постојани и навремени разговори и советувања со родителите на оние ученици каде што се чувствува можност за слаб успех односно прекинување на образованието.

Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со посебни образовни потреби, ја

| |
|---|
| изведуваат главно наставниците, раководителот на паралелката и стручната служба. Подобрувањето на постигањата на овие ученици се врши преку организирање и реализирање на редовна, додатна и дополнителна настава. Надарените ученици се идентификуваат од страна на наставници, преку оцени, лична евиденција и проценка на секој наставник индивидуално. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците. Потребно е изработка на вакви инструменти со цел побрзо и полесно да се идентификуваат надарените ученици и утврдување на видот на надареност/ талентираност, за да може училиштето да изготви соодветна програма за работа со овие ученици. Исто така потребно е формирање на Тим за инкузивно образование кој ќе помогне во работата со учениците со посебни потреби.<br>Училиштето води грижа за обезбедување благосостојба и заштита на учениците независно од полот и индивидуалните способности. Води грижа да се чувствуваат сите ученици пријатно и безбедно како во свој втор дом. Настојува да обезбеди сигурност на учениците со здравствени проблеми (доколку ги има) преку несебично прифаќање и помагање од страна на наставниците учениците и другите вработени. Безбедноста во училиштето во поглед на сигурно движење и престој во училишниот простор училшниот двор и надвор од него е планирана со куќен ред и правилник за културно однесување.<br>За целосен развој на личноста на ученикот училиштето ги почитува и негува емоционалните физички и социјални потреби подеднакво кај машките и женските. Имено секому му се овозможува да се развива со сопствено темпо според своите способности. Таму каде што има пречки во развојот се прават консултации со родителите и други стручни лица (лекар, социјален работник, педагог, психолог) за да може да се дејствува усогласено. При следењето на развојот на учениците појдовни се согледувањата и оценките од испитувањата од стручната служба при упис на учениците во прво одделение, потоа информациите на родителите за нивниот развој и здравствена состојба. На ист начин се откриваат и физичките и здравствени проблеми, посебните образовни потреби на некои ученици, за некои пак се откриваат слични проблеми (намен вид, слух) на систематски прегледи и во текот на секојдневното комуницирање и следење на учениците од страна на одделенските и предметните наставници. |
| **Приоритетни подрачја (идни активности):** |
| ➢ Изготвување на инструменти за препознавање на надарените ученици<br>➢ Изготвување Програма за работа со надарени ученици<br>➢ Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации<br>➢ Опремување на мултимедијална училница, опремена со ТВ, ЛЦД проектор, компјутери и др. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 5: Училишна клима**

| |
|---|
| **Индикатори за квалитет и теми:**<br>**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**<br>➢ Углед/имиџ на училиштето<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Училишна клима<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето<br>➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки<br>**5.2 Промовирањето на постигањата**<br>➢ Промовирање на личните постигања на учениците<br>➢ Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>➢ Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот<br>**5.3 Еднаквост и правичност**<br>➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен пристап на сите ученици<br>**5.4 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница**<br>➢ Соработка на училиштето со родителите<br>➢ Соработка со локалната заедница<br>➢ Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 5: Училишна клима**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |

| | |
|---|---|
| • Кодекс на однесување,<br>• Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки,<br>• Структура на паралелките,<br>• Педагошка евиденција и документација во однос на вклученост на учениците во воннаставните активности,<br>• Дневник за работа на стручна служба,<br>• Извештај за работата на училиштето (полугодишен и годишен),<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби,<br>• Педагошка евиденција и документација (за општествено корисна работа, за јавно културна дејност)<br>• Увид во веб страната на училиштето,<br>• Програма за работа и извештаи на ученичка заедница | 5.1 Училиштето во своето долгогодишно работење има изградено свој имиџ и важи за угледно училиште кое успешно ги остварува целите и задачите на основното образование. Со голема одговорност и посветеност во извршувањето на обврските, во соработка со другите субјекти во процесот на образование и воспитание на учениците, ја остварува мисијата и континуирано ги насочува, организира и реализира активностите кон остварување на визијата. Се грижи за безбедност и правилен развој на учениците. Сите заеднички (наставниците, учениците и родителите) допринесуваат училиштето да биде втор дом и секој да биде горд на него.<br>Со Куќен ред и Кодекс на однесување во училиштето се дефинирани правата и обврските на вработените, учениците и родителите во поглед на однесувањето во училиштето па и надвор од него. За направени прекршоци во однесувањето односно непочитување на правилата, се изрекуваат педагошки мерки за учениците.<br>Во училиштето постојат изградени односи на соработка, почитување и рамноправен третман помеѓу сите структури кои се вклучени во училишниот живот. Наставниците професионално ги извршуваат своите задачи и имаат подршка од директорот и стручната служба како и учениците и нивните родители, во сите сфери на воспитно-образовна делување. Третманот на сите ученици е подеднаков независно од нивниот пол, етничка и верска припадност, социо-економски и емоционален развој.<br>Дисциплината во училиштето е на солидно ниво. На часовите има работна дисциплина, а на одморите преку дежурства на наставници и други вработени, се настојува движењето на учениците да биде во рамки на потребната безбедност. Најмалите ученици се примаат при доаѓање и се испраќаат по завршувањето на часовите. При обиди за нарушување на дисциолината на часот или на одморите, регираат авторитетно наставникот, одделенскиот раководител, а по потреба и директорот и стручната служба па во зависност од престапот се постапува според Правилник за изрекување педагошки мерки.<br>Учениците се информираат за некои активности и задачи кои се планираат, а се од нивен интерес, и зависно содржина и карактерот може да се вклучат во нивното остварување и донесување одлуки. |
| • Евиденција за остварени средби и соработка со | 5.2 Во училиштето постојат податоци за изминатите три години како се движи напредокот на учениците по паралелки, додека наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на |

| | |
|---|---|
| родителите,<br>• Увид во евидентни листови,<br>• Електронски дневник<br>• Правилник за оценувањето, напредувањето, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците,<br>• Изложени трудови на учениците, | учениците. |
| | 5.3 Учениците се запознаваат со своите права и обврски низ наставните содржини. Им се укажува дека треба да не дозволуваат да им бидат нарушени, но и меѓусебно да ги почитуваат правата на другите. Во училиштето од страна на вработените се почитуваат правата на децата и им се укажува на родителите и тие да ги почитуваат.<br>Сите вработени имаат подеднаков третман кон сите ученици независно од полот, етничка припадност, социјално потекло и способности и истиот третман настајуваат да го наметнат и меѓу учениците**.** Тоа е застапено во наставниот процес и во вонанаставните активности.<br>Во училишетето сите ученици и вработени се Македонци, но сепак при реализацијата на содржините на наставната програма се истакнува почитувањето на етничката, верска, културна и јазична разноликост. Исто така се гради почитување на културата и традицијата на нашата држава но и почитување на туѓите култури и традиции, но би можеле да се зголемат активностите за промовирање на мултикултурализмот. |

| | |
|---|---|
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници и одлуки од состаноци од Училишниот одбор<br>• Проекти на училиштето<br>• Организирани трибини, предавања, дебати со родители и претставници од деловната заедница и невладиниот сектор<br>• Документација за добиени спонзорства и донации | 5.4 Од спроведеното истражување, како и од сите наведени документи, дојдено е до заклучок дека постои соработка и со родителите и со локалната средина. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални контакти, посебни и општи родителски средби, приемен ден на наставниците и друго. За реализација на некои содржини и предавања се вклучуваат родители стручни за соодветната област.<br>Организирана форма на делување на родителите е Совет на родители. Советот повремено одржува состаноци на кои се запознаваат со целите и задачите за работа, активностите кои ги планира училиштето, и дава идеи и предлози за одредени прашања. Исто така во Училишниот одбор има претставници од родителите кои се запознати и кои донесуваат Одлуки во врска со потребите на училиштето и наставата.<br>Со преоктите, во кое е вклучено нашето училиште, делумно се запознаени поголемиот број на родители, а во некои од нив и зимаат активно учество. За организираните работилници и предавања има заинтересирани родители, кои присуствуваат и сакаат да присуствуваат.<br>Во годишната програма на училиштето е наведено во кој сегмент има соработка со локалната самоуправа. Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проекти и слично.<br>Во реализацијата на наставните и воннаставните активности, училиштето соработува со деловните заедници од населбата и пошироко. Соработката се состои во посети и добивање информации за нивниот процес на работа, а со невладини организации има соработка по нивна иницијатива за организирање акции, предавања, посети, работилници и сл.<br>За добиените донации и спонзорства постои документација. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 5: Училишна клима**

| Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл) | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на** | **Учество: кој беше вклучен** | **Кои информации се собрани** |

| **податоци** | **во собирањето на податоци** | |
|---|---|---|
| **Анкетен прашалник за наставници** | **Тим на СЕУ**<br><br>➢ Биљана Мирковиќ<br>➢ Биљана С. Шотаровска<br>➢ Тања Јанкуловска<br>➢ Венера Николовска<br>➢ Тодорка Гоцкова | Анкетирани **12 наставници** (9 женски и 3 машки)<br><br>1. На прашањето *Дали уредувањето на училишниот двор влијае врз угледот на училиштето?*, со ДА одговориле **12 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **0 наставници**<br>2. На прашањето *Дали се почитуваат правилата од кодексот на однесување?*, со ДА одговориле **5 наставници**, со НЕ **1 наставник** и со ДЕЛУМНО **6 наставници**<br>3. На прашањето *Дали може да се подоби квалитетот на однесување во колективот?*, со ДА одговориле **9 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **3 наставници**<br>4. На прашањето *Дали се запазува непристрасно учество на наставници кои посетуваат обуки и семинари*?, со ДА одговориле **3 наставници**, со НЕ **2 наставници** и со ДЕЛУМНО **8 наставници**<br>5. На прашањето *Дали се почитува Конвенцијата за права на децата?*, со ДА одговориле **9 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **3 наставници**<br>**6.** На прашањето *Дали се води евиденција за изречени педагошки мерки?,* со ДА одговориле **10 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **2 наставници**<br>7. На прашањето *Дали редовно се советуваат уениците кои предизвикуваат неред во училиштето?,* со ДА одговориле **10 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **2 наставници**<br>8. На прашањето *Дали редовно се повикуваат на советување и разговор родителите на учениците кои се со намалено поведение?,* со ДА одговориле **10 наставници**, со Не **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **2 наставници**<br>9. На прашањето *Дали сметате дека санкциите позитивно делуваат на учениците и родителите?,* со ДА одговориле **7 наставници**, со НЕ **1 наставник** и со ДЕЛУМНО **4 наставници**<br>10. На прашањето *Дали учениците од училишната заедница редовно се свикуваат за консултации и мислење?,* со ДА одговориле **8 наставници**, со НЕ **0 наставници** и со |

| | | |
|---|---|---|
| | | ДЕЛУМНО **4 наставници**<br>11. На прашањето *Дали наставниците транспарентно и континуирано се информирани за одлуките од Советот на родители?,* со ДА одговориле **6 наставници**, со НЕ **1 наставник**, со ДЕЛУМНО **5 наставници**<br>12. На прашањето *Дали по потреба се свикуваат и повеќе од четири родителски средби?*, со ДА одговориле **10 наставници**, со НЕ **1 наставник**, со ДЕЛУМНО **1 наставник**<br>13. На прашањето *Дали учениците со послаб успех и поведение се подеднакво вклучени во училишните (активости) заедници?*, со ДА одговориле **4 наставници**, со НЕ **1 наставник** и со ДЕЛУМНО **7 наставници**<br>14. На прашањето *Дали сте забележале дискриминација помеѓу учениците?*, со ДА одговориле **2 наставници**, со НЕ **7 наставници** и со ДЕЛУМНО **3 наставници**<br>15. На прашањето *Дали се создава клима за разбивање на предрасудите и стереотипите во училиштето?,* со ДА одговориле **4 наставници**, со НЕ **2 наставници** и со ДЕЛУМНО **6 наставници**<br>16. На прашањето *Дали сеопфатно се работи за запознавање на учениците со различните религии и кулури?,* со ДА одговориле **4 наставници**, со Не **0 наставници** и со ДЕЛУМНО **8 наставници** |
| **Чек листа** | | За сумирање на резултатите од увид во документите, анкетните прашалници и правење на анализа на добиените резултати беше користена **чек-листа**. Ова се добиените резултати:<br><br>• Во училиштето се одржуваат родителски средби – Да, повеќе од 4<br>• Наставниците водат записиници од индивидуални средби со родители и ученици – Да<br>• Училиштето има веб страна – Да<br>• Училиштето води евиденција за добиени дипломи, пофалници и признанија – Делумно<br>• Наставниците водат евиденција за остварени средби и соработка со родителите – Да<br>• Родителите имаат увид во електронскиот дневник – Да<br>• Родителите се информираат преку електронскиот дневник за успехот на учениците – Да |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Училиштето изготвува годишна програма за работа – Да<br>• Во училиштето се изложени трудови од учениците – Да<br>• Во училиштето постои пано за пофалби и награди – Не<br>• Училиштето се промовира преку мадиуми – Да |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 5: Училишна клима**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>➢ Вработените и учениците заеднички допринесуваат за стекнатиот углед и имиџ на училиштето<br>➢ Поведение и дисциплина во училиштето е на солидно ниво<br>➢ Партиципација на учениците во решавањето проблеми<br>➢ Познавање на правата на децата<br>➢ Еднаков и правичен пристап на сите ученици |
| **Слаби страни**<br>➢ Учениците со послаб успех и поведение поретко се вклучени во училишната заедница<br>➢ Недоволни активностите за промовирање на мултикултурализмот |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 5: Училишна клима**

| **Анализа на резултатите (подетална анализа):** |
|---|
| Наставниците ги запознаваат родителите со содржините на наставните програми преку состаноците со Советот на родители и родителски средби, а учениците на првиот час ги запознавата со содржините, целите и задачите на наставната програма по соодветниот предмет.<br>Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците избираат учество во вонаставните активности, според својот интерес. Подеднакво се вклучени сите ученици, без оглед на родовата, етничката и социјалната припадност. Со учество во вонаставните активности, учениците имаат можност за афирмација во манифестации во училиштето и надвор од него, проширување на знаењата, правилно користење на слободното време и социјализација. |

Дел од учениците учествуваат и постигнуваат резултати на училишни, регионални, државни и меѓународни натпревари. Постигањата на учениците се промовираат во рамки на училиштето и пошироката локална средина, како и на веб страната на училиштето.
Родителите редовно се информираат за постигањата на учениците усно преку непосредни контакти за време на приемните денови, родителските средби, телефонски контакти, и писмено преку евидентните листови во текот на учебната година. Исто така во текот на годината родителите се известуваат за постигнувањата на своите деца преку електронскиот дневник.
Интересирањето на родителите за напредокот на нивното дете е секогаш прифатено од страна на училиштето со задоволство и поддршка за заедничко надминување на проблемите доколку ги има и мотивирање на ученикот за повисоки постигања и поголема активност во процесот на учење и стекнување знаења и вештини.
Личните трудови на учениците се истакнуваат, некои во училниците, а некои во другиот училишен простор, и на тој начин се поттикнува нивната креативност и творештво. Со пофалници и дипломи се пофалуваат и наградуваат учениците кои постигнале солидни резултати на ученички наппревари од општинско, регионално или државно ниво. Училиштето заедно со учениците вложува многу труд за достојно презентирање во локалната средина.

**Приоритетни подрачја (идни активности):**

- Целосно водење на евиденција за добиени дипломи, пофалници и признанија
- Поставување на пано за пофалби и награди
- Поголема вклученост на учениците со послаб успех и поведение во училишната заедница
- Зголемување на активностите за промовирање на мултикултурализмот

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 6: Ресурси**

**Индикатори за квалитет и теми:**

**6.1 Сместување и просторни капацитети**

- Материјално-технички сретства
- Инфраструктура
- Просторни услови
- Искористеност на просторните капацитети

**6.2 Наставни средства и материјали**

- Опременост со стручна литература и наставни сретства и помагала

- Училишна библиотека
- Потрошен материјал

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

- Број на вработени и соодветност на наставниот кадар
- Ефективност и распоредување на кадарот
- Стручна служба како поддршка на наставникот кадар

**6.4 Управување и раководење со воспитно-образовната установа и финансиско работење**

- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето
- Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење
- Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 6: Ресурси**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| • Годишна програма за работа на училиштето,<br>• План за развој на училиштето,<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција,<br>• Распоред на часови,<br>• Полугодишен и годишен извештај на училиштето,<br>• Записници од стручни активи | 6.1 Просторните капацитети се во доволна мера искористени. Училиштето се простира на 15 808 м2 бруто површина, односно на 3 694 м2 нето површина. Има 2 училишни згради, 2 спортски терени и број на спратови- приземје, прв и втор спрат со 23 училници, 1 сензорна соба, 1 библиотека и 1 кабинет по хемија. Училиштето има 35 паралелки, ученици од прво до деветто одделение, од кои 10 паралелки се целодневна настава. Работата се одвива во две смени и секоја паралелка има своја училница. Просторните услови може да се подобрат во насока од постоење потреба од кабинети за наставниците, кабинети за нагледни средства. Потребно е планирање на дополнителен простор за одржување на настава како и простор за изведување на приредби, манифестации и сл. Потребно е реконструкција на електричната инсталација и реконструкција на тоалетите во горните спратови.<br>За во иднина добар начин на постојана информираност за работењето и активностите на училиштето е и активирање на озвучувачка опрема на училиштето (звучници и разглас). |

| | |
|---|---|
| • Увид во документацијата за набавка на стручна литература и наставни помагала,<br>• Увид во документацијата за планирани и набавени потрошни материјали | 6.2 Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката во целост не ги задоволува реалните потреби. Наставните средства и помагала претежно се набавуваат преку донации, учества во проекти, како и од провизија од детски списанија. Потрошниот материјал за потребите на училиштето се набавува преку распишување на тендери и согласно тендерската документација се обезбедува потребниот материјал. За рационално користење на потрошниот материјал се применуваат усни опомени.<br>Набавени се повеќе смарт табли и компјутери (лаптопи)?<br>Библиотеката располага со стручна литература, лектирни изданија и слободна литература,но потребно е нејзино постојано надополнување со стручна литература за подигнување на нивото на едукација на наставниот кадар. Се води библиотечна евиденција согласно критериумите на МОН. |
| • Увид во интерните акти, полугодишен и годишен извештај,<br>• Увид во годишната програма за работа на училиштето,<br>• Увид во правилникот за систематизација,<br>• Записници од стручни активи,<br>• Увид во досиејата на вработените,<br>• Разговор/интервјуа со наставници, стручна служба, директор, секретар<br>• | 6.3 Училиштето е обезбедено со потребниот наставен, административно-технички кадар и педагошко-психолошка служба. Училиштето брои 70 вработени, од кои наставници се 59, 31 одделенски и 28 предметни наставници. Во училиштето има и 3 наставници кои дополнуват часови. Еден наставник е со вишо образование, а останатите се со соодветно високо образование, односно наставниот кадар е во согласност со нормативите. Работниот стаж на наставниците е различен, од наставници со работно искуство над 30 години до наставници со работен стаж од една година. Сите наставници се со соодветна стручна подготовка. Според половата структура вработени се 5 машки наставници и 54 женски наставници. При распределба на кадарот во предвид се земаат квалитетот во работата и искуствата на наставниците. Работата на наставниот кадар е надополнета и олеснета од страна на административно-техничкиот кадар, кој соодветно и ефикасно си ја врши својата работа. Стручната служба е составена од педагог, псхиолог, дефектолог, како и библиотекар. Голем придонес во целокупната работа и развој на училиштето придонесува ефективната работа на стручната служба.<br>Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи и се евидентираат кај надлежната служба. Ако се работи за подолго отсуство, Директорот и педагошко-психолошката служба навремено обезбедува соодветна замена. Во училиштето редовно се одржуваат одделенски и наставнички совети и задолжителното присуство на наставниците се евидентира во посебен список за таа намена.<br>Стручната служба во училиштето (педагог, психолог, дефектолог и библиотекар) им помага на наставниците во организирање на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со |

| | |
|---|---|
| | проблемите и давање стручна советодавна помош при проблеми со учениците и родителите. Тие во рамките на своите работни задачи помагаат во работата со ученици со посебни потреби, а континуирано дефектологот во наставата работи со деца со потешкотии во развојот. Редовно посетува отворени часови и навремено доставува повратна информација за добрите и лоши страни од набљудувањето на работата на наставникот. Стручната служба секогаш е отворена за соработка, а наставниците се задоволни од таквата соработка. |
| • Годишна програма за работа на училиштето,<br>• План за развој на училиштето,<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција,<br>• Распоред на часови,<br>• Полугодишен и годишен извештај на училиштето,<br>• Записници од стручни активи<br>• Увид во финансов план, развоен план и годишна програма за работа на училиштето,<br>• Записници и одлуки на Училишен одбор,<br>• Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди,<br>• Записници од ревизија на УЈП | 6.4 Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор на основното училиште е составен од седум члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето, тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците и еден претставник од основачот. Членовите на Училишниот одбор по националност се Македонци и е застапена родовата еднаквост. Училишниот одбор е конституиран после редовни избори пропишани според статутот на училиштето. Работењето на училишниот одбор е регулирано со Статутот и Деловникот за работа. При донесување на важни одлуки се почитуваат статутарните и обврските од деловникот. Присуството на членовите на УО е многу добро, нема случаи на носење на одлуки без потребното мнозинство. Информираноста на Членовите на УО е добра, материјали за навремено информирање се испраќаат заедно со поканата и дневниот ред. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето, стручната служба и наставниците, но и со другите заинтересирани страни (родители, ученици, локална заедница).Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето на суштинско ниво.<br>Директорот раководи со училиштето врз основа на предвидени активности во својата Програма, според визијата и мисијата на училиштето. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање на севкупната работа на училиштето. Тие ги одразуваат, законските и статутарните барања, како и барањата кои произлегуваат од Програмските документи. Подеднакво внимание и време, директорот посветува како кон остварување на административно - организациските работи, така и во педагошко инструктивната работа, а посебно во однос на |

| | |
|---|---|
| | следењето, организацијата и реализацијата на ВОР. Директорот превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето и за подобрување на хигиената во училиштето.<br>Утврдени се постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор разгледува и усвојува Годишен план за финансиско работење на училиштето.<br>Транспарентноста во планирањето и трошењето на училишниот буџет се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства, Годишен план за јавни набавки се доставува до Општината, Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средства од училишниот буџет. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 6: Ресурси**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| Анкетен прашалник за наставници | **Тим на СЕУ**<br>➢ Александра А. Белчовска<br>➢ Тања Пачешковска<br>➢ Виктор Наумовски | Анкетирани **23 наставници** (20 женски и 3 машки)<br>1. На прашање *„Дали сите наставници се правично третирани од страна на директорот?“*, со ДА одговориле **17 наставника или 74%,** со НЕ одговориле **2 наставника или 9%** и НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **4 наставника или 17%**.<br>2. На прашање *„ Дали училиштето се раководи од визијата и мисијата на училиштето?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставницци или 30%.**<br>3. На отвореното прашање *„Наброј две работи што најмногу Ви се допаѓаат во училиштето?“*, одговориле со следните искази: Уреден училишен двор и училиштето, Колегијалност, Размена |

| | | |
|---|---|---|
| | ➢ Тања Темелковска<br>➢ Ивана Илковска | на искуства меѓу колегите, Ред и дисциплина, Работна атмосфера, Организација и реализација, Менаџирање на директорот, Отворени часови, Казнени мерки за учениците, Реновирање на тоалетите, Работата на директорот, Работата на учениците, Обнова на училиштето.<br>4. На отвореното прашање *„Наброј две работи што најмалку Ви се допаѓаат во училиштето?“*, одговориле со следните искази: Дежурства после 16ч, Преголеми обврски за наставниците и многу администрација, Нееднаква застапеност на наставниците, Мал одмор и уредување на училишниот двор, Недисциплина на учениците, Недоволно средства и помагала за работа, Притисок во работата, Многу скалила за качување до училница, Нема доволно нагледни средства, Непријатна миризба од некои ученички тоалети, Недостаток од потрошен материјал и фотокопир, Атмосферата меѓу наставниците, Немање музички кабинет и недоволно наставни средства за работа.<br>5. На прашање *„Дали наставниците учествуваат во изработка на Акционите планови на училиштето?“*, со ДА одговориле **20 наставници или 87%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **3 наставницци или 13%.**<br>6. На прашање *„Дали наставниците учествуваат во следење и евалуација на реализираните Акциони планови во училиштето?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставницци или 30%.**<br>7. На прашање *„Дали наставниците партиципираат во развојното планирање на училиштето?“*, со ДА одговориле **20 наставници или 87%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **2 наставника или 9%.**<br>8. На прашање *„Дали училиштето го овозможува и подржува професионалниот развој на наставниците?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **2 или 9%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.**<br>9. На прашање *„Дали училиштето располага со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата?“*, со ДА одговориле **3 наставници или 13%,** со НЕ одговориле **10 или 43%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **10 наставника или 43%.**<br>10. На прашање *„Дали инфраструктурата на училиштето е соодветна за реализација на современата настава?*“, со ДА одговориле **11 наставници или 48%,** со НЕ одговориле **7 или** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **30%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.**<br>11. На прашање *„Дали училиштето располага со материјално технички средства за одржување на просторот?“*, со ДА одговориле **4 наставници или 17%,** со НЕ одговориле **9 или 40%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **10 наставника или 43%.**<br>12. На прашање *„Дали бројот на работни простории одговара на потребите за квалитетна настава?“*, со ДА одговориле **4 наставници или 17%**, со НЕ одговориле **12 или 53%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставника или 30%.**<br>13. На прашање *„ Дали училиштето располага со доволно стручна литература по наставни предмети (области)?“*, со ДА одговориле **5 наставници или 22%,** со НЕ одговориле **6 или 26%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **12 наставника или 52%.**<br>14. На прашање *„Дали училиштето е опремено со доволен број на материјално технички средства и наставни помагала?*“, со ДА одговориле **5 наставници или 22%,** со НЕ одговориле **7 или 30%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **11 наставника или 48%.**<br>15. На прашање *„Дали користите потрошен материјал од училиштето?*“, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **4 или 17%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **3 наставника или 13%**.<br>16. На прашање *„Дали наставниците се доволно запознаени со развојниот план и годишната програма на училиштето?“,* со ДА одговориле **17 наставници или 74%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.**<br>17. На прашање *„Дали наставниците учествуваат во изработка на развојниот план и годишната програма на училиштето?“,* со ДА одговориле **22 наставници или 96%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **0 наставници**.<br>18. На прашање *„Дали наставниците се запознаени со одлуките на Училишниот одбор?“,* со ДА одговориле **13 наставници или 56%,** со НЕ одговориле **5 или 22%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.** |
| Чек листа | | При увидот на документацијата и правење на анализа на добиените резултати беше користена **чек-листа**. Ова се добиените резултати: |

ул. Венјамин Манчуковски бр. 4, Скопје
Тел/ факс: 02/2469- 746
Електронска пошта: blaze_konski1@yahoo.com



| | | |
|---|---|---|
| | | • Дали целите во креирањето на училишната политика се јасни и соодветни? ДА<br>• Дали постојат процедури за креирање на училишна политика? ДЕЛУМНО<br>• Дали постојат цели за развојно планирање? ДА<br>• Дали постои план за професионален развој/стручно усовршување на кадарот? ДА<br>• Дали училиштето располага со доволен број материјално-технички средства? ДЕЛУМНО<br>• Дали редовно се одржува инфраструктурата на училиштето? ДЕЛУМНО (според можностите)<br>• Дали просторните услови (училници,кабинети, фискултурна сала, библиотека, канцеларии, санитарни простории, ходници) ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата? ДЕЛУМНО<br>• Дали просторните капацитети се во доволна мера искористени? ДА<br>• Дали училиштето обезбедува доволно средства за планирање и набавка на потрошен материјал? ДЕЛУМНО<br>• Дали постои план за набавка на наставни средства и помагала и информатичка технологија? ДЕЛУМНО<br>• Дали се утврдени постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето? ДА<br>Дали постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет? ДА |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 6: Ресурси**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>➢ Раководниот орган на училиштето видно ги подобри изгледот на училиштето и функционалноста<br>➢ Вработените се правично третирани од страна на раководниот орган на училиштето<br>➢ Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.<br>➢ Раководниот тим ја организира воспитно-образовната работа и работи според Законот за ОО и препораките на БРО<br>➢ Тимската работа дава задоволителни резултати во организацијата и остварувањето на развојните цели |

| |
|---|
| ➢ Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет и е во согласност со законската регулатива. |
| **Слаби страни**<br>➢ Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси.<br>➢ Училиштето не располага доволно со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата<br>➢ Наставниците немаат кабинети<br>➢ Нема соодветен простор за реализација на манифестации, приредби<br>➢ Нема соодветен кабинет за одделенска настава.<br>➢ Бројот на компјутери не ги задоволува потребите за вкупниот број ученици во училиштето |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 6: Ресурси**

| |
|---|
| **Анализа на резултатите (подетална анализа):** |
| **Од анализата на резултатите се дојде до заклучок**<br>Највисок орган на управување со училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е формиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Секогаш состаноците и донесувањето на одлуките се одржуваат со мнозинство на членови. Доколку нема мнозинство на членови состанокот се одложува. УО соработува со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и другите заинтересирани страни.<br>Директорот на училишето е раководниот орган на училиштето. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно- образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручните органи како Наставнички совет на училиштето, Совет на предметните наставници, Совет на одделенските наставници, Стручните активи и раководителите на паралелките и одделенските раководители.<br>Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со одредување комисии кои донесуваат одлуки. За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се законски и интерни правилници, како што се: Правилник за организација и ситематизација на работните задачи и работните места, Правилник за матријални штети, Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки и начинот на нивната примена, Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта и други.<br>Училиштето со Развоен план ги има дефинирано развојните цели кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. |

Просторните услови (училници, кабинети, фискултурна сала, библиотека, канцеларии, санитарни простории, ходници) делумно ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата, но постоечките просторните капацитети се во доволна мера искористени. Поради постечката инфраструктура не постои можност наставниците да имаат кабинети. Исто така не постои соодветен простор за реализиација на манифестации и приредби. Поради кражба бројот на компјутери не ги задоволува потребите за вкупниот број ученици во училиштето. Со цел на следење на новите трендови во наставата и активно користење на ИКТ во реализацијата на наставните часови повеќе училници се опремени со ЛЦД проектор, интерактивна табла, компјутери и др.

Училиштето не располага доволно со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата и не постои План за набавка на наставни средства и помагала

Во однос на финансиското работење сите постапки коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

**Приоритетни подрачја (идни активности):**

- Проширување на капацитетите на училиштето (просторни, инфраструктура и човечки ресурси)
- Изготвување Акциони планови за постигнување на поставените цели
- Изработка на План за набавка на наставни средства и помагала;
- Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации
- Опремување на останатите училници со интерактивни табли, ЛЦД проектор, компјутери и др.
- Доусовршување и прецизирање на процедурите за креирање на училишна политика

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

**Индикатори за квалитет и теми:**

**7.1 Управување и раководење со училиштето**
- Управување со училиштето
- Раководење со училиштето

**7.2 Цели и креирање на училишна политика**
- Јасност и соодветност на целите
- Процедури за креирање на училишна политика

**7.3 Развојно планирање**
- Цели на развојното планирање
- Професионален развој/ стручно усовршување на кадарот
- Материјално-технички сретства
- Инфраструктура

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ – Скопје** **Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

| **Собрани информации и користени методи** | |
|---|---|
| **Документи** | **Информации** |
| • Деловник за работа на Училишниот одбор,<br>• Статут на училиштето,<br>• Годишна програма за работа на училиштето | 7.1 Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Во составот има девет члена и тоа: тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачи во училиштето, тројца претставници од родителите на учениците, еден претставник од Министерството и двајца претставници од основачот. Членовите на Училишниот одбор по националност се Македонци и е застапена родовата еднаквост. Училишниот одбор е конституиран после редовни избори пропишани според статутот на училиштето. Работењето на училишниот одбор е регулирано со |





| | |
|---|---|
| • Формулар | Статутот и Деловникот за работа. При донесување на важни одлуки се почитуваат статутарните и обврските од деловникот. Присуството на членовите на УО е многу добро, нема случаи на носење на одлуки без потребното мнозинство. Информираноста на Членовите на УО е добра, материјали за навремено информирање се испраќаат заедно со поканата и дневниот ред. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето, педагогот и наставниците, но и со другите заинтересирани страни (родители, ученици, локална заедница).Училишниот одбор работи според Годишната програма за работа ги опфаќа сите потребни содржини кои се законски и статутарни обврски. За донесените одлуки се информирани вработените, родителите и учениците преку објавување на огласна табла. Училишниот одбор соработува со директорот на училиштето на суштинско ниво.<br>Директорот раководи со училиштето врз основа на предвидени активности во својата Програма, според визијата и мисијата на училиштето. Целите и задачите на директорот се насочени кон организирање на севкупната работа на училиштето. Тие ги одразуваат, законските и статутарните барања, како и барањата кои произлегуваат од Програмските документи. Подеднакво внимание и време, директорот посветува како кон остварување на административно - организациските работи, така и во педагошко инструктивната работа, а посебно во однос на следењето, организацијата и реализацијата на воспитно – образовната работа. Директорот превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето и за подобрување на хигиената во училиштето. |
| • Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор,<br>• Самоевалуација и План за развој на училиштето | 7.2 Училиштето во креирање на училишната политика се раководи од визијата и мисијата предвидена во Годишната програма. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Јасни се и насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и подобрувања на постигањата на учениците. Вработените, родителите, учениците и локалната самоуправа активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и училиштето ги запознава со нивното остварување и подобрување, но исто така и ги мобилизира да работат на остварување на целите, земајќи ги секогаш во предвид мислењата на родителите и учениците Потребно е доусовршување и прецизирање на процедурите за креирање на училишна политика. Училишниот одбор се вклучува во креирањето на училишната политика преку поддршка |





| | |
|---|---|
| | на сите активности, семинари и обуки кои се планирани и изведени во училиштето. Инструменти за следење на напредокот и реализирањето на активностите се: редовни извештаи, анализи и информации од увиди и други показатели за постигнатите резултати на сите полиња во воспитно образовниот процес. |
| • Програма за работа на директор,<br>• Програма за професионален развој на директорот,<br>• Записници од наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор<br>• Интерни акти,<br>• Пописни листи,<br>• Финансиски план на училиштето,<br>• Увид во опремата,<br>• Увид во инфраструктурата<br>• Апликации на училиштето за обезбедување средства од локалната самоуправа | 7.3 Целите на развојното планирање на училиштето се адаптирани на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и тие придонесуваат за подобрување на севкупните состојби во училиштето.<br>Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Директорот на училиштето и стручната служба се одговорни за организацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми за работа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници.<br>Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. Училиштето ги информира наставниците и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.<br>Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на БРО, проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Наставниците имаат потреба од стручно усовршување за подобрување на стручните способности. Работата на наставниците-приправници ја следи ментор кој се одредува на Наставничкиот совет на училиштето за давање соодветната помош на приправникот. Наставниците стручно се усовршуваат преку екстерни семинари-обуки, интерни семинари–обуки, реализација на отворени часови, стручни консултации пред и по одржувањето на часовите, преку реализација на состаноци на стручните активи. Потребно е доусовршување на планот за стручно |

| | |
|---|---|
| | усовршување на кадарот.<br>Редовно се одржува инфраструктурата на училиштето, зависно од финансиската состојба на училиштето. Во моментот се превземаат чекори за уредување и разубавување на училишниот двор. Училиштето има воспоставена соработка со локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата.<br>Училиштето не располага со доволен број материјално-технички средства. |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ - Скопје** **Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

| **Податоци собрани преку други методи (пр. прашалници, анкети, набљудувања.... сл)** | | |
|---|---|---|
| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учество: кој беше вклучен во собирањето на податоци** | **Кои информации се собрани** |
| Анкетни листови за родители | **Тим на СЕУ:**<br>➢ Александра Ѓ.Спасовски<br>➢ Ангелина Митева<br>➢ Фоника Станоева<br>➢ Деан Стојанов<br>➢ Марјана Настевска | Анкетирани **23 наставници** (22 женски и 1 машко)<br>1. На прашање *„Дали сите наставници се правично третирани од страна на директорот?“*, со ДА одговориле **17 наставника или 74%,** со НЕ одговориле **2 наставника или 9%** и НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **4 наставника или 17%**.<br>2. На прашање *„ Дали училиштето се раководи од визијата и мисијата на училиштето?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставницци или 30%.**<br>3. На отвореното прашање *„Наброј две работи што најмногу Ви се допаѓаат во училиштето?“*, одговориле со следните искази: Уреден училишен двор и училиште, Колегијалност, Размена на искуства меѓу колегите, Ред и дисциплина, Работна атмосфера, Организација и реализација, Менаџирање на директорот, Отворени часови, Казнени мерки за учениците, Реновирање на тоалетите, Работата на директорот, Работата на учениците, Обнова на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. На отвореното прашање *„Наброј две работи што најмалку Ви се допаѓаат во училиштето?“*, одговориле со следните искази: Преголеми обврски за наставниците и многу администрација, Нееднаква застапеност на наставниците, Мал одмор и уредување на училишниот двор, Недисциплина на учениците, Недоволно средства и помагала за работа, Притисок во работата, Многу скалила за качување до училница, Нема доволно нагледни средства, Непријатна миризба од некои ученички тоалети, Недостаток од потрошен материјал и фотокопир, Атмосферата меѓу наставниците, Немање музички кабинет и недоволно наставни средства за работа.<br>5. На прашање *„Дали наставниците учествуваат во изработка на Акционите планови на училиштето?“*, со ДА одговориле **20 наставници или 87%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **3 наставницци или 13%.**<br>6. На прашање *„Дали наставниците учествуваат во следење и евалуација на реализираните Акциони планови во училиштето?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **0%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставницци или 30%.**<br>7. На прашање *„Дали наставниците партиципираат во развојното планирање на училиштето?“*, со ДА одговориле **20 наставници или 87%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **2 наставника или 9%.**<br>8. На прашање *„Дали училиштето го овозможува и подржува професионалниот развој на наставниците?“*, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **2 или 9%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 21%.**<br>9. На прашање *„Дали училиштето располага со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата?“*, со ДА одговориле **3 наставници или 14%,** со НЕ одговориле **10 или 43%**, а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **10 наставника или 43%.**<br>10. На прашање *„Дали инфраструктурата на училиштето е соодветна за реализација на современата настава?*“, со ДА одговориле **11 наставници или 48%,** со НЕ одговориле **7 или 30%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.** |

| | | |
|---|---|---|
| | | 11. На прашање „*Дали училиштето располага со материјално технички средства за одржување на просторот?“*, со ДА одговориле **4 наставници или 17%,** со НЕ одговориле **9 или 40%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **10 наставника или 43%.**<br>12. На прашање „*Дали бројот на работни простории одговара на потребите за квалитетна настава?“*, со ДА одговориле **4 наставници или 17%**, со НЕ одговориле **12 или 53%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **7 наставника или 30%.**<br>13. На прашање „ *Дали училиштето располага со доволно стручна литература по наставни предмети (области)?“*, со ДА одговориле **5 наставници или 22%,** со НЕ одговориле **6 или 26%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **12 наставника или 52%.**<br>14. На прашање „*Дали училиштето е опремено со доволен број на материјално технички средства и наставни помагала?*“, со ДА одговориле **5 наставници или 22%,** со НЕ одговориле **7 или 30%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **11 наставника или 48%.**<br>15. На прашање „*Дали користите потрошен материјал од училиштето?*“, со ДА одговориле **16 наставници или 70%,** со НЕ одговориле **4 или 17%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **3 наставника или 13%**.<br>16. На прашање „*Дали наставниците се доволно запознаени со развојниот план и годишната програма на училиштето?“,* со ДА одговориле **17 наставници или 74%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.**<br>17. На прашање „*Дали наставниците учествуваат во изработка на развојниот план и годишната програма на училиштето?“,* со ДА одговориле **22 наставници или 96%,** со НЕ одговориле **1 или 4%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **0 наставници**.<br>18. На прашање „*Дали наставниците се запознаени со одлуките на Училишниот одбор?“,* со ДА одговориле **13 наставници или 56%,** со НЕ одговориле **5 или 22%,** а со НЕ СУМ СИГУРЕН одговориле **5 наставника или 22%.** |
| **Чек листа** | | При увидот на документацијата и правење на анализа на добиените резултати беше користена **чек-листа**. Ова се добиените резултати: |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Дали целите во креирањето на училишната политика се јасни и соодветни? ДА<br>• Дали постојат процедури за креирање на училишна политика? ДЕЛУМНО<br>• Дали постојат цели за развојно планирање? ДА<br>• Дали постои план за професионален развој/стручно усовршување на кадарот? ДА<br>• Дали училиштето располага со доволен број материјално-технички средства? ДЕЛУМНО<br>• Дали редовно се одржува инфраструктурата на училиштето? ДЕЛУМНО (според можностите)<br>• Дали просторните услови (училници,кабинети, фискултурна сала, библиотека, канцеларии, санитарни простории, ходници) ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата? ДЕЛУМНО<br>• Дали просторните капацитети се во доволна мера искористени? ДА<br>• Дали училиштето обезбедува доволно средства за планирање и набавка на потрошен материјал? ДЕЛУМНО<br>• Дали постои план за набавка на наставни средства и помагала и информатичка технологија? ДА<br>• Дали се утврдени постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето? ДА<br>• Дали постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет? ДА |

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ - Скопје Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

| **Резултати** |
|---|
| **Јаки страни**<br>➢ Раководниот орган на училиштето видно ги подобри изгледот на училиштето и функционалноста<br>➢ Вработените се правично третирани од страна на раководниот орган на училиштето<br>➢ Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. |

- Раководниот тим ја организира воспитно-образовната работа и работи според Законот за ОО и препораките на БРО
- Тимската работа дава задоволителни резултати во организацијата и остварувањето на развојните цели
- Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Слаби страни**

- Недоволно прецизиран План за професионален развој/стручно усовршување на кадарот
- Стручно усовршување на наставниците за работа со деца со ПОП
- Училиштето делумно располага со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата
- Наставниците немаат кабинети

**Самоевалуација на училиштето „Блаже Конески“ - Скопје** **Подрачје 7: Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

**Анализа на резултатите (подетална анализа):**

Највисок орган на управување со училиштето е Училишниот одбор. Училишниот одбор е формиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Секогаш состаноците и донесувањето на одлуките се одржуваат со мнозинство на членови. Доколку нема мнозинство на членови состанокот се одложува. УО соработува со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и другите заинтересирани страни.

Директорот на училишето е раководниот орган на училиштето. Раководниот орган на училиштето ја следи организацијата и реализацијата на воспитно- образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручните органи како Наставнички совет на училиштето, Совет на предметните наставници, Совет на одделенските наставници, Стручните активи и раководителите на паралелките и одделенските раководители.

Проблемите најчесто се решаваат на Наставнички совет или со одредување комисии кои донесуваат одлуки. За успешно функционирање и организирање на работата на училиштето донесени се законски и интерни правилници, како што се: Правилник за организација и ситематизација на работните задачи и работните места, Правилник за матријални штети, Правилник за видовите пофалби, награди и педагошки мерки и начинот на нивната примена, Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта и други.

Училиштето со Развоен план ги има дефинирано развојните цели кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.

Училиштето делумно ги следи потребите на наставниците за стручен и професионален развој. Потребно е изготвување на прецизен план за професионален развој/стручно усовршување на кадарот.
Просторните услови (училници, кабинети, фискултурна сала, библиотека, канцеларии, санитарни простории, ходници) делумно ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата, но постоечките просторни капацитети се во доволна мера искористени. Поради постечката инфраструктура не постои можност наставниците да имаат кабинети. Исто така не постои соодветен простор за реализиација на манифестации и приредби. Училиштето не располага со доволен број на компјутери и не ги задоволува потребите за вкупниот број ученици во училиштето. Со цел на следење на новите трендови во наставата и активно користење на ИКТ во реализацијата на наставните часови од корист би било поставување на мултимедијална училница која би била опремена со ТВ, ЛЦД проектор, интерактивна табла, компјутери и др.
Училиштето не располага доволно со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата и не постои План за набавка на наставни средства и помагала
Во однос на финансиското работење сите постапки коишто ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми и прописи. Училишниот одбор е запознаен со финансиските активности на училиштето. Во училиштето постои Комисија за јавни набавки која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

**Приоритетни подрачја (идни активности):**

- Изготвување Програма за професионален развој на вработените, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици.
- Изготвување Акциони планови за постигнување на поставените цели
- Изработка на План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови
- Изготвување на детални Извештаи за остварена соработка со пошироката заедница
- Изработка на План за набавка на наставни средства и помагала;
- Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации
- Опремување на мултимедијална училница, опремена со ТВ, ЛЦД проектор, компјутери и др.
- Доусовршување и допрецизирање на процедурите за креирање на училишна политика

# ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

# ОУ„БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| **Период на самоевалуација** | **2020 – 2022 година** |
| **Вид на училиште** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето** | **Општина Аеродром** |
| **Наставен јазик** | **македонски јазик** |
| **Претстадател на Училишен одбор** | **Марија Николовска** |
| **Директор на училиштето** | **Виолета Ристовска** |
| **Адреса на училиштето** | **ул. Венјамин Манчуковски бр. 4 Скопје** |
| **Телефон** | **02/ 2469-746** |
| **Електронска пошта** | **blaze_koneski1@yahoo.com** |
| **Веб страна на училиштето** | **https://ooublazekoneski.edu.mk/** |

# РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 147, став 5, од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ бр. 103/08), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Блаже Конески“, за периодот од 2020 година до 2022 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, СЕУ тимовите остварија средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, Директорот, стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, проекти за модернизација на образованието и индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека вооочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и вонннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

**Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата на училиштето со оценка добар.**

Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.

1. **Наставни планови и програми**
2. **Постигнувања на учениците**
3. **Учење и настава**
4. **Поддршката /помошта на учениците**
5. **Училишна клима**
6. **Ресурси**
7. **Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува) според однапред одредените индикатори. Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето

училиште, во која насока сеж движи и кои се неговите позначајни постигања. Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.

**Подрачје – 1.Наставни планови и програми**

***Индикатори:***

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**
**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**
**1.3 Вонnаставни активности**

**Јаки страни**

- Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование. Во училиштето  се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.
- Сите наставници планираат,  согласно потребите и  реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето.
- Училиштето на учениците им нуди изборни предмети, според наставниот план, постапката за избор на наставни предмети се применува во целост.
- Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги  почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.
- Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен (професионален) и социјален развој.

**Слаби страни**

- Училиштето делумно се соочува со проблем при приспособување на наставните прогами по одредени предмети, според можностите на децата со посебни потреби.
- Наставните планови и програми треба да бидат прилагодени за работа со надарени ученици.
- Дел од наставниците не ја применуваат стратегија за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина





**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Да се обезбеди асистивна технологија и соодветна подршка од институциите со цел приспособување на наставните програми по одредени предмети според можностите на децата со подебни потреби;
- Да се изработи програма за работа со надерени ученици.

**Подрачје –2. Постигнувања на учениците**

***Индикатори:***

**2.1 Постигање на учениците**

**2.2 Задржување/ осипување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

**Јаки страни**

- Редовноста е на исто ниво и не е намалена.
- Наставниците водат евиденција за индивидуалниот напредок на учениците.
- Се следат постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност по наставни предмети и по квалификациони периоди.

**Слаби страни**

- Послаби резултати кај учениците со посебни образовни потреби и со потешкотии во учењето.
- Покрај тоа што наставниците и дефектологот се изјаснуваат на одделенските совети за напредокот на учениците со посебни потреби, треба поголема транспарентност и соработка со родителите и соодветните институции како и набавка на асистивна технологија.
- Потребно е изготвување на инструменти со кои ќе се идентификуваат надарените ученици.
- Потребно е изготвување на програма за работа со надарени и талентирани ученици.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Правење на споредбени анализи на успехот на учениците на крајот од учебната година со полугодишниот, анализа за изминатите три години во која насока се движи напредокот на учениците по паралелки, како и следење на успехот на учениците при премин од едно во друго образовно ниво;
- Одредување на финансиски средства за учество на натпревари и конкури и фонд за надарени и талентирани ученици.
-

- Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците.
- Изработка на програма за работа со надарени и талентирани деца.

**Подрачје – 3. Учење и настава**

***Индикатори:***

**3.1 Планирања на наставниците**
**3.2 Наставен процес**
**3.3 Искуства на учениците од учењето**
**3.4 Задоволување на потребите на учениците**
**3.5 Оценувањето како дел од наставата**
**3.6 Известување за напредокот на учениците**

**Јаки страни**

- Во реализирањето на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење,а во процесот на поучување и учење се користат различни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето и да се стекнат трајни знаења..
- Оценувањето во училиштето е праведно, транспарентно и скоро секогаш проследено со образложение и дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања.
- За напредокот и оценувањето на учениците навремено и транспаретно се информираат сите засегнати страни, наставничките совети и родителите.
- Наставата целосно се организира и реализира согласно наставниот план за основното образование (осумгодишно и деветгодишното образование). Во училиштето се реализираат наставните планови и програми изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.
- Сите наставници планираат, согласно потребите и реализираат дополнителна и додатна настава во училиштето.
- Училиштето на учениците им нуди три изборни предмети, според наставниот план, постапката за избор на наставни предмети се применува во целост.
- Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки при своето планирање и ги применуваат.

**Слаби страни**

- Во училиштето делумно е прибирано и разгледувано мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од аспект на родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност.
- Во процесот на учење и оценување треба да се посвети поголемо внимание на идентификација и работа со надарени деца

**Приоритетни подрачја (идни активности)**
- Да се обезбеди доволно капацитети за да се приспособат наставните програми по одредени предмети според можностите на децата со посебни потреби;
- Да се изработат индикатори и програма за идентификација и работа со надарени деца

## Подрачје – 4. Поддршката /помошта на учениците

***Индикатори:***

**4.1 Севкупна грижа за учениците**
**4.2 Здравје**
**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
**4.4 Следење на напредокот на учениците**

**Јаки страни**
- Во училиштето  се организираат предавањаод стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога.
- Во училиштето учениците, а и наставниците се обучени да препознаат разни форми на насилство, а и истото да го спречат.
- Хигиената во училиштето е на задоволително ниво.
- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава и инфраструктурата во училиштето се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците.
- Училиштето има донесено Кодекс на однесување на учениците и е истакнат на јавно место.
- Во училиштето се организираат и предавања од стручни лица за едукација и заштита на учениците од заразни болести. За тоа постои добра соработка со здраствените установи.
- Училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии без оглед на изворот.

**<u>Слаби страни</u>**

- Училиштето нема пропишани процедури за обезбедување материјални средства на учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства
- Училиштето нема одредено фонд за поддршка на надарени и талентирани деца.

**<u>Приоритетни подрачја (идни активности)</u>**

- Изготвување на инструменти за препознавање на надарените ученици
- Изготвување Програма за работа со надарени ученици
- Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации
- Опремување на мултимедијална училница, опремена со ТВ, ЛЦД проектор, компјутери и др.

## Подрачје – 5. Училишна клима

***Индикатори:***

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**
**5.2 Промовирањето на постигањата**
**5.3 Еднаквост и правичност**
**5.4 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заеница**

**<u>Јаки страни</u>**

- Вработените и учениците заеднички допринесуваат за стекнатиот углед и имиџ на училиштето
- Поведение и дисциплина во училиштето е на солидно ниво
- Партиципација на учениците во решавањето проблеми
- Познавање на правата на децата
- Еднаков и правичен пристап на сите ученици

**<u>Слаби страни</u>**

- Учениците со послаб успех и поведение поретко се вклучени во училишната заедница
- Недоволни активностите за промовирање на мултикултурализмот

**<u>Приоритетни подрачја (идни активности)</u>**

- Целосно водење на евиденција за добиени дипломи, пофалници и признанија
- Поставување на пано за пофалби и награди

- Поголема вклученост на учениците со послаб успех и поведение во училишната заедница
- Зголемување на активностите за промовирање на мултикултурализмот

**Подрачје –6. Ресурси**

***Индикатори:***

**6.1Сместување и просторни капацитети**
**6.2 Наставни средства и материјали**
**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**
**6.4 Управување и раководење со воспитно-образовната установа и финансиско работење**

**Јаки страни**

- Раководниот орган на училиштето видно ги подобри изгледот на училиштето и функционалноста
- Вработените се правично третирани од страна на раководниот орган на училиштето
- Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.
- Раководниот тим ја организира воспитно-образовната работа и работи според Законот за ОО и препораките на БРО
- Тимската работа дава задоволителни резултати во организацијата и остварувањето на развојните цели

Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет и е во согласност со законската регулатива.

**Слаби страни**

- Недостаток на просторни капацитети, инфраструктура и човечки ресурси.
- Училиштето не располага доволно со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата
- Наставниците немаат кабинети
- Нема соодветен простор за реализација на манифестации, приредби
- Нема соодветен кабинет за одделенска настава.
- Бројот на компјутери не ги задоволува потребите за вкупниот број ученици во училиштето

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Проширување на капацитетите на училиштето (просторни, инфраструктура и човечки ресурси)

- Изготвување Акциони планови за постигнување на поставените цели
- Изработка на План за набавка на наставни средства и помагала;
- Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации
- Опремување на останатите  училници со интерактивни табли,  ЛЦД проектор, компјутери и др.
- Доусовршување  и прецизирање на процедурите за креирање на училишна политика

**Подрачје – 7. Управување/раководење со воспитно-образовната установа и креирање на политика на истата**

***Индикатори:***

**7.1 Управување и раководење со училиштето**
**7.2 Цели и креирање на училишна политика**
**7.3 Развојно планирање**

**Јаки страни**

- Раководниот орган на училиштето видно ги подобри изгледот на училиштето и функционалноста
- Вработените се правично третирани од страна на раководниот орган на училиштето
- Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите.
- Раководниот тим ја организира воспитно-образовната работа и работи според Законот за ОО и препораките на БРО
- Тимската работа дава задоволителни резултати во организацијата и остварувањето на развојните цели
- Постои транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**Слаби страни**

- Недоволно прецизиран План за професионален развој/стручно усовршување на кадарот
- Стручно усовршување на наставниците за работа со деца со ПОП
- Училиштето делумно располага со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата
- Наставниците немаат кабинети

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Изготвување Програма за професионален развој на вработените, вклучувајќи обуки за работа со ученици со посебни образовни потреби и надарени ученици.
- Изготвување Акциони планови за постигнување на поставените цели
- Изработка на План за следење и евалуација на реализираните Акциски планови

- Изготвување на детални Извештаи за остварена соработка со пошироката заедница
- Изработка на План за набавка на наставни средства и помагала;
- Подобрување на училишниот живот со поправање на училишниот разглас и набавување на разглас за манифестации
- Опремување на мултимедијална училница, опремена со ТВ, ЛЦД проектор, компјутери и др.
- Доусовршување и допрецизирање на процедурите за креирање на училишна политика

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

**Дата: 2022**

**Директор**
**Виолета Ристовска**

**Комисија за самоевалуација :**

Фоника Становеа_________________ (педагог)

Александра А. Белчовска_________________ (психолог)

Искра Стојановска_________________ (наставник)

Јоана Николиќ_________________ (наставник)

Александра Ѓ. Спасовски_________________ (родител)